СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петото продолжение Осумдесет и осмат седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**V -та ПРОДОЛЖНИЕ ОД 88-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 23 АПРИЛ 1998 г.**

Дискутанти :

1. АБДИ ФАИК - 30,110
2. ДИМОВ ЛАЗАР – 19
3. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 5, 6
4. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 38, 61
5. КОТЕВСКИ СЛАВКО – 18
6. КАРОВ ИЛИЈА - 55, 57
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 79, 85, 1о4
8. МИНОВ ПАНЧО - 14,16,91,93
9. МАРКОВСКА -ХАЏИВАСИЛЕВА ВЕРИЦА-43,46 (дирек.на Агенц.за приват.)
10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 60 ( води сед,)
11. НИКОЛОВ ЈОВАН – 28 ,30
12. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН – 67
13. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 119
14. ПЕЦОВ МИРКО - 44
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1 (води сед.)
16. РАМАДАНИ ХИСЕН – 122
17. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 41
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 35,125,128
19. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 22,24
20. СТЕФАНОВСКИ БАЛГОЈА - 13,34
21. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 10
22. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 7,9,12,32
23. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 24
24. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 74,76
25. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 1,6,7.
26. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 98,102.
27. ТРПЕНОВСКИ ЈОВАН - 106

Дневен ред :

с.1- Продолж.со претрес по пред.на Зак. за гаран.на Р.М за заем на енергетика на с.40 -изгласан

Т.6 ,стр. 40 - Пред.на З.за из. и дополн.на зак.за санаци на банките на РМ

Т.7 , стр.42 - Допол.на Зак за територ.под.на РМ

Т.22, -стр.42 - ИЗВЕШТАЈ на Агенцијата за приватиз.. не е изгл.нема кворум .

- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 април 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ратка Куљан-Зографска, Нано Ружин, Илинка Митрева, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам роденденот на нашиот колега Санде Џамбазовски и да му посакам добро здравје и многу успех во животот.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем по проектот за подобрување на енергетскиот систем.

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министри и соработници на министрите.

Иако овој закон како што вели мојот почитуван колега Газменд Ајдарага не е закон за земјоделство, односно за аграрот и ние како

селски пратеници не би требало многу да дискутираме, сепак наоѓаме нешто да го кажеме нашето мислење во врска со донесувањето на овие закони. Како пратеник од општината Новаци на чија територија делува РЕК Битола, кој како што е познато произведува околу 80% од вкупното производство на електрична енергија во Македонија, ќе го поддржам донесувањето на законот за давање на државна гаранција за заемот што македонското електростопанство ќе го добие од Меѓународната банка за обнова и развој за изградба на свои потреби. Ќе гласам, затоа што се надевам дека еден дел од овој заем, кој како што е цитирано во Законот изнесува над 60 милиони германски марки ќе биде наменет за решавање на проблемите на електричната енергија, што подолго време се присутни во селата Потселеска Планина и селата што се наоѓаат крај самата вештачка граница со Грција.

Господо и покрај што во Битола, односно во битолскиот дел на Пелагонија се наоѓа РЕК Битола односно гигантот за струја во Македонија и овде се произведува струјата за цела Македонија, состојбите со електричната енергија низ селата на општините Новаци, Добрушево, Старавина, Бач и Бистрица, не се добри. Тие се лоши, од лоши дури уште полоши. Во ниедно село од близу 60 села што се наоѓаат во овие општини нема квалитетна електрична енергија. Новаци, Добромири, Рибарци Долно и Горно Агларци, се наоѓаат кај изворот на струјата и недај боже велам не дај боже да паднат високите оџаци од Рековските термоелектрани, ќе бидат потиснати, немаат квалитетна струја. Тешко се гледа телевизија, капатилата тешко работат, машините за перење уште повеќе. А од овие села во РЕК Битола како копачи на јаглен или енергетичари се вработени околу 300 вработени. Тие произведуваат струја а струја дома немаат. Немаат ни да се измијат од онаа кал што преку цел цм ја товарат врз своите грбови пикнати во окната на рудникот или во самите термоелектрани. Во Будаково, Трап, Дедебарци, сликата

на овој план е иста. Будаково е едно турско село мешано со малку македонци и има околу 500 грла крави. Меѓутоа, ретко кој од овие напредни сточари денес може да ги користи машините за молзење на крави, затоа што нема струја. Пред две години битолска дистрибуција монтира еден трансформатор меѓутоа како што го монтира така и остана. Струјата и понатаму е на истото дереџе и пред да се монтира тој трансформатор. Така е и во селата Лажец, Бач, Живојно, Гермијан, Брод, Меџитлија и кој не други села што се распространети кај битолската граница со Грција и се еден вид наши чувари во тој дел на Грција.

Во Живојно што да се каже, во Скопје да загрми со денови нема електрична енергија. Плачот на селаните за струја сега за сега на ова подрачје ама баш никој не го слуша. И нешто друго, на прагот од 21 век крај изворот на струјата за Македонија неколку села незнаат што е тоа струја. Нели е ова голем страм за Македонија. И денес светат со кандила, фенери и петролејски ламби. Оваа жална слика со електричната, енергија во овие села се надевам, со овој заем ќе биде изменета. Раководниот штаб на македонското електро стопанство, што според мене успешно се носи со развојните прашања на енергетиката во Македонија по добивањето на заемот ќе ги реши проблемите со струја во овие села и ќе издвои како така 20-тина трансформатори за да има добра струја низ овие села.

Господо, во годината што измина во скопските села јас имам сознанија дека се монтирани 130 трансформатори. Во Куманово половина помалку од нив, во Тетово којзнае колку. Во Битола за четири години се изградени само 3 нови трансформатори. Еден во Новаци подобро да ne се изградеше бидејќи и понатаму немаме струја а реков дека РЕК Битола од Новаци е оддалечен само половина метар. Потоа

еден во Будаково а и тој подобро да не се изградеше, затоа што нема фајде од него и еден трансформатор минатата година изграден во с.Музинци. Сега засега добро работи но до кога ќе видиме.

Господо, состојбите во кои се наоѓаат овие села не дозволуваат селата со здружени пари да ги решаваат овие проблеми. Тие се здружени пари на македонското електростопанство му подарија цели мрежи со електрична енергија и трансформатори. Македонското електро-стопанство пред 40 години кога не постоеше, нема вложено во овие капитални објекти ниту еден скршен денар. Мислам дека на овие села а посебно што се наоѓаат околу изворот на струјата во Македонија, државата мора да им помогне. Ако тие се остават, овие проблеми да ги решаваат преку локалната самоуправа, тогаш уште еден век во нив нема да има струја. Мислам дека денес време е парите што се издвојуваат за решавање на селските комуналии, посебно на планот на електричната енергија треба да се делат насекаде со исти аршини. Не некаде повеќе, а во некои средини ич.

Се надевам дека со овој заем, како што реков, и низ битолските села ќе стигне квалитетна струја. Се надевам дека луѓето што го водат и преобразуваат македонското електростопанство ќе изнајдат сили и во битолските села струјата да служи за се, не само за осветлување на домовите. И нешто друго, барем да ја има. Сега за сега, иако струјата за Македонија се произведува во Битола, нејзините села плачат за струја. По ова има-нема, денес има пет дена нема, тие постојано се под некоја непишана рестрикција на струјата во овој дел од нашава држава.

Пак ќе повторам, ќе гласам за овој закон, затоа што верувам дека дел од заемот ќе биде наменет за решавање на проблемите со струјата во средините каде што се произведува струјата. Во Новаци, Будаково,

Живојно, Бач, Лажец и во другите села. Во овие села господо, нашава Влада досега инвестира огромни средства, се изградија пошти, 20 села добија телефонски врски, телефон во секоја куќа, се добија 10-тина водовина, се изградени преку 20 патишта. Меѓутоа, сега треба државата да помогне и во овие села да стигне квалитетна електрична енергија. Всушност, животот и тоа го бара.

На крајот, едно прашање. Кога во Владата ќе биде помината одлуката селата што се наоѓаат во атарите околу Рударско -енергетскиот комбинат "Битола" од Битола и комбинатот Осломеј што работи во кичевско да плаќаат поефтина електрична енергија од другите корисници на струјата. На прашањето, зошто постои еден одговор. Овие земјоделци и селани сакале или не да признаеме и покрај високата заштита со РЕК Битола и Осломеј ја водат за заштита на човековата околина, сепак, има штетно влијание на таа средина. Токму затоа, предлагам Владата на Република Македонија што побрзо да излезе со закон, со кој што овие села ќе бидат како така бенифицирани при исплатата на електричната енергија. Мене ми е познато дека. Пред законите, односно пред Уставот сите граѓани се исти. Меѓутоа, сите граѓани не дишат исто како што дишат жителите од околу РЕК и Осломеј.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, бев повикан од говорницата и да му одговорам на другарот Тантаров. Станува збор за промашена дискусија, како многуте дискусии на г-динот Тантаров,

слушавме едно измиено четиво со една стара плоча која се врти, само ги заменивме тезите, наместо пченица, сега ставивме струја. Воопшто не му е позната оваа материја на г-динот Тантаров. Овде се работи за подобрување на квалитетот на електричната енергија. Тантаров говореше исклучиво за ниско напонската мрежа за подобрување. Мислам дека ја промаши темата денеска, но еве нека му е просто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Г-дине Даневски јас можеби не знам што зборувам но тебе цела Македонија не те разбирам што зборуваш, за жал, и тоа што го зборуваш сам не знаеш што го зборуваш. А, јас тука зборував за една мака на 50 села што треба побргу да се реши. Ако вие од Свети Николе, добивате струја од Битола и сте задоволни од таа струја, мислам дека беше редно да им се извиниш на битолските земјоделци и повеќе да не стануваш на оваа говорница, срамота да зборуваш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Важно ве разбрав сега другар Тантаров ова што го зборувавте треба да го намените цело време на Владата. Бидејќи вие сте член на СДСМ , Владата е таа што го именува директорот на јавното претпријатие на елктростопанство ако не е во ред во енергетскиот систем и струјата во селата виновен е вашиот директор. Тој е член на највисокото раковдство во СДСМ. Таму е проблемот. И таму да го лоцирате проблемот, а не од оваа говорница секогаш ќе кажувате селски проблеми,  а на крајот ќе гласате како по обичај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Изгледа г-динот Даневски е портир во електростопанство, па знае кој е директор во тоа стопанство и ме упатува да разговарам со него за овој проблем. Многу му благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници и почитувани претставници на Владата. Секогаш кога се земаат заеми е лошо за една држава. Иако со овие заеми се нуди модернизација на електро-енергетскиот систем на Македонија. Меѓутоа, во принцип задолжувањето, а ова задолжување е од страна на Јавното претпријатие за електростопанство од 61,5 милиони марки односно заемот кој го зема државата односно државата е гарант за тој заем, многу значи за граѓаните на таа земја. Нашата земја, како што знаете, е задолжена, јас би рекол и презадолжена според можностите како може да ги враќа тие средства. За жал, или за среќа, јас би рекол повеќе за жал, сите овие кредити кои се земаат од било која финансиска институција во светот, се земаат како краткорочни или долгорочни кредити со отплатување од 20-години со грејс период од 3 до 5 години. Немора да бидеме многу силни математичари ќе пресметаме дека главниот товар на сите тие кредити кои оваа држава ги зема во последните 5-6 години, товарот ќе падне на генерацијата, на таа генерација која доаѓа. Тоа е преголем товар имајќи ги предвид потенцијалот, стопанскиот потенцијал на оваа држава.

Дали од аспект на економиката, овој кредит ќе има одраз врз граѓаните. За мене, па и за мојата либерално-демократска партија е клучното прашање. Читајќи го внимателно текстот на овој договор за

заем може да се види дека државата, нормално е гарант и гаранцијата се состои во тоа, доколку јавното претпријатие не е во можност да ги исплаќа достасаните ануитети, дека државата ќе се вклучи во плаќање на долгот. Нормално, како што е речено до 60 дена, па од 60 дена ќе се симнат средства од сметката на јавното претпријатие.

Второ, дека овој заем се зема и обврска цената на електричната енергија, сега зборуваме за енергијата на домаќинствата кои ќе ја користат, мора да се зголеми на 7,5 фенинзи што значи дека секое домаќинство таа разлика на цена ќе ја почувствува. Значи, тој долг ќе се зголеми и со цената на чинење на самата енергија која ја користат сите домаќинства во Македонија. Тоа е од аспектот на економиката. Тука нема дилема, тоа е во законот, така, независно дали некој од пратениците се смеат или не се смеат. Некни беа така среќни што земаме заем за овој проект да го наречам. Јас не сум среќен, а би бил среќен кога претпријатието од електростопанство би издвојувале од наплатата од своите средства да издвојуваат средства со кои ќе ги покриваат техничките иновации и променувањето на опремата на електроенергетските системи. Што сакам со тоа да кажам? Фактички денарот кој во експлоатацијата на системите се издвојувал се трошел ненаменски, не се издвојувало за модернизација и за опрема и сега треба да се земе заем со кој ќе се земат опрема итн. Значи, јас не сум така среќен човек, како што некои беа среќни.

Второ, ќе спомнам дека овој кредит ќе се користи за опрема, за менување на опрема во шест хидро енергетски капацитети за модернизација на диспечерскиот центар, управувачки центар и за подобрување на мрежите, општо да кажам, за пренос на енергијата.

II/1 ЛП/МП

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:** (продолжение)

Сега сакам да кажам дека тука јас сум хендикепиран, а исто така и ЛДП е хендикепирана, бидејќи во овие податоци што се водени тука е нафрлено дека тие 61,5 милиони марки ќе се искористат за замена на опрема за системите. Тука јас не барам спецификација на опремата, меѓутоа, ние сме хендикепирани со тоа што во електростопанство немаме ниеден претставник од ЛДП во Управниот одбор, каде би можеле да ја вршиме контролата каде тие пари се трошат. Дали дел од тие пари ќе се трошат и за некои други активности, не би сакал да посочам за избор или било што, меѓутоа, ние нема да имаме контрола. Тогаш се остава можност тие средства да се користат и за други намени. Тоа е едниот дел од приказната.

Мислам дека исто така во вториот дел за модернизација е предвидена ставка за т.н. хардвер и софтвер, под тоа подразбирам купување нов компјутерски систем, веројатно поголем компјутерски систем кој ќе ја преземе улогата на т.н. супер вајзер или водење на целиот диспечерски систем во Македонија, што е добро. Меѓутоа, и тука е кажано така благо, во опремата точно не е специфицирано колку треба да се даде во хардвер и колку во програмскиот дел, односно во софтверот. Значи, со еден збор сакам да кажам дека добро е, треба да се оди во модернизација, меѓутоа, во замена на опрема и модернизација треба да се оди постапно, треба да се оди од извори на средства на самите капацитети и со тоа да не ја задолжуваме државата со така тешки и големи износи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Стојковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:** (од место)

Јас не го спомнав со име.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Не станува збор за реплика и не сакам да реплицирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се јави за дискусија, а не за реплика.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Секој пратеник има право од говорница да си изнесе свои сознанија и свои мислења околу оној проект кој е ставен на дневен ред за усвојување. Сакам да кажам овде дека со кредитот кој го зема Електростопанство во износ од 61 милион германски марки точно е кажана намената за што и како ќе се врши ,меѓу другото битна е и онаа другата намена за преносни мрежи, во кои спаѓаат токму и овие наши дистрибутивни мрежи во Светската банка, така се крстени, не се крстени дистрибутивни мрежи, во кои морам да кажам состојбата со времето каква е, со модернизација на домаќинствата имаме и најголеми проблеми. Не ретко се потрошувачи кои во своите индивидуални, станбени и било кои други објекти вградија проточни бојлери со најмала снага од 16 к\у, а до пред 10 години морам да кажам дека просечна снага на едно домаќинство беше 8 к\у. Сакам да кажам дека мора да се изврши модернизација во Електростопанство од причина што пресеците на мрежите се такви кои предизвикуваат енормни загуби на киловати, она што ќе го произведеме наместо да го дадеме до потрошувачот и да го претвориме во корисна енергија, мислам на електричната енергија во корисна енергија, енергија за производство, таа енергија се губи во водовите во трафостаниците поради физички недимензионирани објекти кои треба да ја пренесат таа електрична мрежа. Само намалување од 3% на загуби на електрична енергија на ниво на Македонија е огромна заштеда на Електростопанство. Кредитот ја има и таа улога, има и улога за хидроелектраните кои нави-

стина се веќе дотраени. Сигурно дека најдобро е кога би можело Електростопанство преку цената, што е нормално, да врши добро одржување. Меѓутоа, мораме да знаеме, јас паметам 20 години station наназад, 20 години цената на електричната енергија не ја одредува Електростопанство, туку ја одредува Извршен совет - сега Влада на Република Македонија. Таа диктира дали од таа цена ќе има можности за проста репродукција или ќе нема никакви можности. Да кажам тие работи се познати. Она што е ставено во образложението за зголемување на цена на електрична енергија од 1,18 фенинзи, повторувам 1,18 фенинзи, меѓутоа, затоа и станав да кажам, се однесува на просечната цена на електрична енергија и просечната цена на кв час, бидејќи во тарифниот систем, тарифниот правилник, постои цена на 110 кило волтни потрошувачи, постои цена на 35 кило волтни потрошувачи, постои цена на 10 кило волтни потрошувачи и постои цена на 0,4 кило волтни потрошувачи, во кои спаѓаме ние домаќинствата, или ние граѓаните и установи и здруженија, така што ни најмалку не станува збор за зголемување на цена на домаќинства. Не сакам овде сега да елаборирам и да користам показатели, но да кажам дека најниска цена е на директните потрошувачи, оние што се на 110 кило волтното напонско ниво бидејќи тие имаат свои 110 киловолтни станици кои ја трансформираат енергијата до 0,4, што е нормално. Според тоа, не станува збор за зголемување на цената на електричната енергија на граѓани. Само тоа сакав да кажам, предвидено е зголемување на цена за 1,18 фенинзи, но на просечната цена, предвидено е намалување на побарувања кои сега  во овој момент изнесуваат околу 25% од вкупниот приход на Електростопанство за 3%. Некој вчера рече дека тоа не е за домаќинствата. Бидејќи сум во делот на Електростопанство кој работи домаќинства, наплатата во домаќинство на Електростопанство во минатата година најмал процент беше 90,82. Значи, имаме наплата и тука нема да се оди на некои пориgорозни мерки, освен оние што со закон сме должни како граѓани да ги почитуваме и спроведуваме.

II/4

Сакам само тоа да кажам дека се работи за просечна цена, зголемување од 1,18 феинизи, пресметајте колку е тоа во денари и да не дојде дека еве сега се зема кредит, кој кажав дека е многу поволен. Добро е, бидејќи веќе сме при крај со основните средства, мислам на нивна дотраеност, добро е да се земе и добро е ваков закон да биде одобрен од Парламентот. Ќе има многу поголема корист токму граѓанинот, ако навистина му овозможиме квалитетно снабдување со електрична енергија, а не снабдување што го имаме сега во села и под напон од 160 или 180 волти. Значи, мораме да ги зголемиме трансформаторските сили, секој граѓанин да има квалитетен напон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Станковски:

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Веројатно бев сватен погрешно, воопшто не сакам да спорам дека дствата кои ќе бидат наменети за ниско напонската мрежа тоа значи за потрошувачите, директно за корисниците кои се врзани на тие мрежи треба да се инвестира и преку тоа да се избегнат и загубите кои настануваат и домаќинставата да имаат квалитетна енергија. Тоа не е впорно. За мене економиката е егзактна наука и самиот договор кој е 1равен, зголемување на цена од 1,5 или 1,7 фенинзи е зголемување апсолутен или релативен износ, како сакате. Дали тоа се однесува велепотрошувачите или за големите потрошувачи кои плаќаат една а и домаќинствата друга, е ирелевантно, бидејќи ако одиме длабоко во анализата ќе кажеме, до колку велепотрошувачот плаќа голема цена и разликата изразена во фенинзи ќе се одрази на изводот. Според тоа, пак граѓанинот ќе го носи товарот на овој заем.

II/5

Тоа беше главната поента. Инаку, и лично и како партија не спориме во тоа дека сите домаќинства во Македонија, мрежата во Македонија мора да биде на едно високо ниво, бидејќи и преку овој кредит кој се добива фактички со иновацијата ќе се овозможи можност за поврзување односно компатибилност со европската мрежа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Стефановски:

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, секогаш непријатно се чувствувам кога ќе говорам за некоја тема која не ми припаѓа. Меѓутоа, морам да кажам, во кругот на моите пријатели, и според она што денес претставува театарот каде што се е компјутеризирано, едноставно денес може театарот покрај главната димензија или главното чувство кое го имаме што го споделуваме со актероит е уметност на светлото, новиот систем.

Она што укажуваше и пратеникот Вељо Тантаров, во Битола со паѓање на напонот на комјутеризираното светло кое се прави на тие претстави имаме огромни штети. При РЕК Битола, при производство, ради слабата напонска мрежа, заради застарениот систем на тие трафостаници е во една изумирачка фаза. Нашиот колега Видимче тоа може повеќе и постручно да го каже, а мислам дека би требало на оваа тема да го каже и својот збор. Мислам дека РЕК Битола е стратешка цел на Република Македонија. Кога зборуваме за самостојноста, ако не беше РЕК Битола, тоа ќе беше нешто друго, знаете кои импликации ќе создадеа од овие соседи кои така мудро молчат во овие моменти кога ние имаме таква енергетска база како што се термоелектраните. Меѓутоа, факт е, тие не можат вечно, имаат освежување, мора да се наоѓаат нови фази. Тековното одржување сигурно се прави од ова што го издвојува Електростопанство. Меѓутоа, за нови стратешки цели мора да се изнајдуваат кредити. Јас мислам дека од ова место треба да дадеме

нужна почит кон луѓето кои нашле такви и ќе ги пласираат во нешто ново, во подобрување на енергетскиот биланс на Република Македонија. Заради тоа мислам дека барем ова не е тема каде можеме да спориме. Едноставно ние можеме да кажеме дека ете во овој момент можеби цената ќе се зголеми за некој фенинг, незнам колку е тоа, за економистите можеби е битно и егзактно прашање. Меѓутоа, домаќинствата, институциите кои работат исклучиво на тие светла и компјутерски знаете колку се поголеми штетите многу поголеми од тие кој ќе ги платиме во текот на месецот. Неподготвувањето да се следат овие нови електронски медиуми во сите системи и во самото домаќинство само 4 пати и петкратни ќе се јават кај корисниците да ги платат штетите. Од моја страна, мислам дека треба само да дадеме поддршка и на некој начин да одадеме признание на луѓето кои дошле до тоа да спроведат нешто што ќе не однесе во сферата на еден нов начин на енергетски појачувала во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пристигна господинот Панчо Минов и јас му давам збор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, концепциски и принципиелно јас како пратеник, тргнувајќи од определбите за стратегијата и политиката на инвестиција во Република Македонија сум против донесувањето на овој закон. Од аспект на тоа што во сегашниот момент и во еден релативно подолг иден период во Република Македонија треба да се изврши една пренамена на инвестиции од оваа сфера што значи јавен сектор, а тоа се меѓу другото и намените за енергетика, да не спо-

менувам и понатаму патишта и слично, неопходна, најсуштинска потреба и остварување на цел во Република Македонија за намена на инвестициите во отворање на нови работни места. 61,5 милиони марки во овој период кога е толку изразен проблемот со невработеност да се насочуваат од странски заем за, како се нарекува во договорот, санација на постојните енергетски објекти во Република Македонија, тоа се 6-те поголеми хидроцентрали, сметам дека тоа е понеприоритетно во однос и на оваа инвестиција и било која друга и досега и во идниот период, да се насочува во стопанството и во такво инвестирање што ќе значи отворање на нови работни места.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Тоа е определба и на Пратеничката група на ЛДП во остварување на целта на зголемување на вработеноста, а не како што е определбата на актуелната власт на СДС преку намалување на цената на работната сила и нереално остварување на некои показатели на вработеност. Реалноста во вработувањето е само преку нови инвестиции кои ако отсуствуваат во Република Македонија тогаш преку вакви странски инвестиции, како што е и овој случај со намена во инвестирање во мали и средни претпријатија да се отворат нови работни места.

Понатаму ако се следат одредбите од законот, таму стои дека за овој кредит така да кажам заем 61,5 милион марки се зема на 20 години рок на отплата со 5 години грејс период. Оваа Влада го зема овој долг и ја задолжува преку Електростопанство Република Македонија за кредит кој треба да го враќа да отпочне да го враќа после пет години во рок од 20 години. И тоа ќе повторам за промена на опремата на постојните хидроелектрани, за воспоставување диспечерски центар во Јавното претпријатие за електростопанство и тн. што неодминливо наведува на сомневање дека овие средства што се земаат со овој кредит фактички кој треба да се отплаќаат после 5 години кога не се спореди со периодот на престојност на новите парламентарни избори неодминливо е сомневањето дека овие средства се оптоварени со сомнежот дека евентуално можат да се наменат и за претстојните парламентарни избори од страна на партијата на власт Социјалдемократскиот сојуз. Но, бидејќи нормално Парламентарното мнозинство преку Институтот гласачка машина веројатно ќе го донесе овој закон сметам за потребно а истакнам кога веќе државата, иако ние од ЛДП не се согласуваме ако држава ќе се задолжиме за електростопанство со ваков голем кредит од 61,5 милиони марки, тогаш добро е да се спомне и во оваа прилика

кога државата прави и во овој случај гест за самото електростоапнство да се спомне дека што овде од овој Парламент на една од претходните седници беше неусвоено да се расправа информација за исклучување на домаќинствата од електрична енергија заради ненавремено намирување на сметките за електрична енергија. Добро е и во оваа прилика тоа учинување така да кажам, тоа гарантирање на државата спрема Електростопанство во име на граѓаните, бидејќи сепак во крајна инстанца на нив ќе падне теретот на враќаше на овој заем, да се поврзе и по овој повод Електростоапнство имајќи ја во предвид целокупната економска и социјална состојба во Републиката и социјалната загрозеност на граѓаните кои не од што не сакаат да ја платат електричната струја посебно во зимскиот период туку заради тоа што им се ненавремени разните видови на примања вклучително и социјалните примања не се во можност поради таа ненавременост на тие примања плати, пензии, социјални помошти или пак поради неадекватноста на висината на цената на електричната енергија односно нејзината превисока цена која е евидентна во однос на стандардот на голем број домаќинства во Република Македонија, па поради таа неможност да се издржи тој трошок на животниот стандард електричната енергија посебно во зимскиот период да Електростопанство не ги исклучува домаќинставата кои што не сакаат да ја платат таа електрична енергија, туку затоа што не се во можност поради приходите што вкупно ги имаат како домаќинство и најповеќе и заради доцнење на ненавременото примање на тие приходи. Исто така, добро е по овој повод да се спомне и тоа дека многу граѓани кои што имаат проблем со приклучување на електричната мрежа и покрај тоа што Уставниот суд ја укина таксата од 2000 ДМ за приклучување на електричната мрежа како што велат во Електростоапнство во енергетскиот биланс на Република Македонија. Постои еден вакум на неизјаснување на органите на Електростопанство за таа одлука на Уставниот суд да се преточи во конкретна одлука на органите на Електростопанство и да се растеретат

тие граѓани што сега го имаат тој проблем за приклучување во електричната мрежа. ОД сите напред искажани прашања, а најповеќе за тоа што со јасно убедување дека понатамошните инвестирања во РМ не треба да одат во јавен сектор во хидроцентрали, патишта и слично, туку во отварање на нови работни места Овој закон не го поддржувам.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе гласам за донесување на закон за гаранција на РМ по договорот за заем по проектот за подобрување на електростопанскиот систем и од Меѓународната банка за обнова и развој. Нам ни е познато со донесување на законот за води се оформи организационата поставеност на едно јавно претпријатие на ниво на Република. Во водостопанството на РМ се створи можност капиталот со кој располагаа поранешните водостопански претпријатија, а не така мал над 2 милијарди долари почна да се реновира, а со новото оформување се овозможи постоечката мрежа за наводнување како и најавата за инвестирање во акумулациониот систем "Тиквеш" "Брегалница" и "Полошко", искористувањето на самата вода, а и површините кои што се покрај каналската мрежа да се зголемат и ни се овозможи поголемо наводнвуање. За такви кредити кои што биле на ова Собрание сум гласал, а гласав и за одобрување на кредит за развој на мали и средни претпријатија, гласав и за одобрување кредит за развој на индивудуалното земјоделие. И овој заем сметам дека има производствен карактер, ревитализација на шесте како што е наведено хидроелектрани Вруток, Равен, Шпиље, Глобочица, за набавка и монтажа на дотраена опрема како и инвестирање за подобрување, за функционирање на националниот диспечерски систем, набавка на енергетски трансформатори, подобрување на дистрибутивната мрежа и др.

што значи дека ваква инвестиција во Електростопанството на Македонија е потребна и неопходна. Со користењето на овој заем ќе се створи можност од секојдневната акумулација на работење да се издвојат пари и се интервенира во електричната мрежа во набавка на нови трансформатори. За условите под кои се добива овој кредит секако е познато се доста поволни пет години грејс период, 20 години полугодишно плаќање на ануитетите. Ова посебно го кажувам, мислам дека сите кредити кои што во другата инфраструктура се доделуваат има потреба Електростопанство рамномерно да ги прати во однос на потребите за електрична струја кои што се најразлични. Би сакал и јас да спомнам како претходните двајца пратеници од изборните единици во Битола дека електричната, мрежа и во потпелистерските села кои што спаѓаат во општината Цапари или општината Бистрица исто така факт е тоа дека мрежата е изградена 1955, 1960 година и има потреба од негово обновување. Мислам дека овој кредит иако директно не е наменет за тоа, меѓутоа ќе створи можност кај Електростопанство на Македонија многу побрзо да интервенира во сите овие места, не само во Пелагонија, каде што има потреба, туку исто така и во другите места на Република Македонија.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, кога дојде овој закон за верификација на овој кредит пред Парламентот ова е прв пат во овие три ипол, четири години ние овде да расправаме по проблемите од нашата енергетика. Јас ја користам таа прилика да искажам овде некои свои гледања во однос на овој кредит. Наиме, добивањето кредити од надвор сигурно зависи од волјата на кредитодавателот, а исто така и од можноста одредени банки тие кредити да ги прифатат и понатаму да ги трансверираат. Воглавно во нашата земја што се случува бидејќи кре-

дитодавачите бараат гаранции воглавно во нашата земја влегуваат кредити во кои што единствен гарант е државата што е прилично лошо бидејќи таквите кредити обично се дистрибуираат на јавните претпријатија за кои и по природа на работите државата е гарант. Тоа до тука е така, но прашањето е следно, дали во расправите и договарањето со овие меѓународни финансиски организации ние нешто и сме направиле. Дали тоа е приоритет на нашиот развој. Сигурно дека треба многу работи да се прават во оваа земја, туку кога зборувам за целото стопанство прво ставам приоритет на нашиот развој, дали со ова ќе се отворат нови работни места, дали ќе се зголеми производството итн. тоа е прашање. Но, на оваа тема овде да завршам бидејќи сметам дека нашите контакти со тие асоцијации се завршени на тоа да воглавно сме стигнале до таму да имаме толку доверба да земаме само кредити за кои што гарантира државата. Тоа не е некој особен успех во сверата на финансиите.

Друга работа која што е многу битна за овој кредит и еве ми се даде прилика да кажам неколку збора е прашањето на развојот на електростопанство. Дали овие кредити кои што Електростопанството ги зема денес, претходниот за системот, утре ќе дојде за Козјак, пред тоа за Козјак итн., дали беа во приоритетите на Електростопанство. Јас како човек кој што потекнувам од таа куќа лично сметам, знаејќи ги и познавајќи ги приликите лично сметам дека тоа не беа приоритети. Зошто? Да ви кажам една проста работа. Во овој периодот од 3, 4, или 5 години, незнам колку наназад Електростопанството ни е како политика државна да кажеме, како државна политика. Ние Електростопанството го натеравме да го прави еден Козјак кој како енергетски објект не е никаков енергетски објект, бидејќи на ова електростопанство може да му понуди само сто милиони киловат часа годишно производство. Тоа е ништо за наши прилики. Во овој период го натеравме Електростопанство да го п

III/6.-

рави Козјак со пари сосптвени, дел со сопствени пари, дел го задолжуваме и го задолживме, го натеравме Електростопанство да ја поправа така да кажам напонската состојба со уште еден далековод од Битола до Скопје што е добро, но дали е приоритет, еве сега пак Електро стопанство да вложува во ревитализација да кажеме на хидроелектрани што сигурно дека треба, напонската мрежа и тоа е прашање и од прилика сето ако се собере ние електростопанството со развојот го натеравме, го задолживме 300 милиони марки при што добивме енергетски само 100 милиони киловат часови. Ако се знае добро енергетскиот план и се знае дека битолите имаат јаглен до 15-та година максимално, 2013, 2015 година ако земеме во предвид дека од плаќањето на овие кредити ќе почне после 5 години што ќе се случи? Ќе се случи, ќе има едно десетина години, дванаесет по кои што Електростопанството треба да ги враќа овие кредити а при тоа со намалено производство. Заради тоа мое лично мислење е дека од аспект на електростопанството бидејќи овде се работи за многу пари, се работи за голем капитал, се работи за капитал кој што не смее биде оставен на слободата во инвестирањето и неинвестирањето. Јас но сметам дека кредит електростопанство треба да земе бидејќи и може сега да земе, но кредит електростопанство треба да земе за да произведува киловат часови бидејќи уште еднаш ќе кажам со 300 милиони марки, а можеби и повеќе милиони марки со сопственото учество со кое што електростопанство учествува може да се добие и во Македонија објект со над милијарда киловат часови производство кое што сигурно ќе ни треба. Заради тоа сметам дека ваквиот начин на инвестирање во електростопанство јас сум повеќе од убеден дека ова не е и волја на електростопанство вака да се инвестира и покрај што овде убаво изгледа ова лајт шоуто на Тантаров дека ќе светне ваму, онаму итн., сето тоа е добро за публика, туку многу е поважна работата ние ова електростопанство ќе го задолжиме, односно веќе го задолживме и со сопствен капитал во вредност на еден објект од милијарда киловат часо-

III/7.-

ви производство, а таа милијарда киловат часови производство ќе ја немаме, а кога знаеме како ни стојат енергетските ресурси и можности на оваа држава сигурно дека во електростопанство можело и требало да се бара од електростопанство како да се надминува овој проблем со инвестирање на нови пари. Уште еднаш јас ќе кажам дека потребата од инвестирање во електростопанство е евидентна за покривање на она што ќе ни се случи понатаму бидејќи во наредните 20 години ние треба да ги враќаме овие пари, а во тие 20 години треба да имаме производство. Ефектите од овие 300 милиони, или можни 400 милиони марки вложени во електростопанство јас не ги гледам ни колку 150, 160 милиони производство, нешто дополнително како енергетска вредност.

**АДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, би сакал да кажам неколку збора во врска со ова задолжување на нашата Република во однос на проектот кој е предвиден за подобрување на енергетската мрежа во Република Македонија. Факт е дека мрежата постоечка во Македонија навистина е стасана за конструкција, факт е дека на многу места населени имаме слаб напон и трајни потрошувачи, факт е дека имаме големи губитоци на електрична енергија во далноводите поради оптеретените пресеци на каблите, факт е дека потрошувачката значително расте кај индивидуалните потрошувачи посебно во населените места кои се градат или се прошируваат. Меѓутоа, факт е и тоа дека Република Македонија летно време продава струја во соседните земји, факт е и тоа дека јавното претпријатие електростопанство на Македонија постои, или треба да постои фонд за реконструкција на мрежата во Република Македонија. Прашувам зошто јавното претпријатие Електростопанство на Македонија досега не го користеше овој фонд за реконструкција, односно за елиминирање на

сите овие слабости кои ги наведов за подобрување на вкупната енергетска мрежа, или на тој енергетски биланс би рекол за реконструкција на каблите кои како што спомнавме announce неможат да носат такво оптоварувње, за правење на нови трансформатори, за обновување на вкупната мрежа, далноводите итн. Значи се работи за еден фонд на пари кои сите ние како потрошувачи на електрична енергија па и стопанските субјекти перманентно ги дававме преку цената на струјата и требаше јавното претпријатие Електростопанство на Македонија од тој фонд на пари да прави, или да ја одржува мрежата и прави обновување, реконструкција на целата мрежа.

IV/1.-РД/ОМ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (Продолжение)

Факт е дека 61 милион марки се ново задолжување на нашата Република, прашање е сега дали е право време таквата сума на пари ги насочиме во една ваква инвестиција, што не е мала. Прашање е дали во овој момент во електростопанството за една ваква сума на пари преку отворање на нови работни места, преку реконструктуирање на нови погони, преку санирање на одредени погони, стопанството, како што гледам од ден на ден се повеќе се наоѓа во една ситуација на неликвидност, на невработеност, во една тешка ситуација која не следи веќе подолго време. Сметам лично дека ваквата сума на пари требаше да се насочи во овој момент точно на оноа поле каде што можеме да очекуваме брза репродукција на тие пари. Значи за кратко време 61 милион марки да се вратат во стопанството во еден нов квалитет и да репродуцираат некои остаток. Сметам дека една ваква инвестиција требаше да биде оставена за едно друго посреќно време и повторно ќе повторам електростопанството, значи Јавното претпријатие за електростопанство на Македонија требаше низ своите фондови досега да го прави тоа што требаше да го прави. Зошто тоа не е направено треба за тоа некој да каже од водечките луѓе на куќа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас знам веќе дека кај голем дел од пратениците преовладува свеста дека се ближат непосредно изборите и дека треба да дејствуваме и во таа насока, во зависност од тоа кој каква цел има. Но исто така треба да се има предвид фактот дека претходниот мандат нам сеуште ни трае. Кога ќе се излезе позади оваа говорница, треба навистина да се води сметка за реалните факти, особено за реалните факти за конкретната тема за која се расправа.

Мислам дека предлогот што е даден во законот во врска со задолжувањето за намените кои се определени овој Парламент треба од неколку главни причини да го поддржи и мислам дека тоа без задршка треба да се направи. Се заборава на фактот дека Електроенергетскиот систем во Македонија, онаков каков што е граден и под условите во кои има истиот стопанисувано и обезбедувано електрична енергија за пошироката потрошувачка и за примарната индустрија, под условите во кои има обезбедувано технологија и се наоѓа секогаш не во услови на пазарно одредување на составната цена на вредноста на електричната енергија, се нашол во таква технолошка ситуација и кондиција во каква што е. Мислам дека и лаиците знаат дека се работи за техничка - технолошка кондиција која нема на линија на одржување, ако можам да ја дефинирам состојбата како што е. И тоа е алфа и омега на целиот проблем. Оттука треба да се тргне на тезите дека таква количина на финансиски средства првенствено треба да се наменат за отворање на нови технологии кои ќе апсорбираат работна рака во Републикава, затоа што тој е исто така горлив проблем и се само грешка во чекори. Нема инвестиции во нови технологии, доколку не добиете електроенергетска согласност. И тоа не како формален чин , туку како суштински чин дека ќе обезбедите пред се, солидна инфраструктурна потреба за да лоцирате некој производствен погон. Во случајот се работи за солидна инфраструктурна потреба од производство и пренос на електрична енергија. Иако тој услов го немата, немојте да очекувате дека некој тоа ќе го направи на ледина. Дури и програми од земјоделието и примарното производство на земјоделието и сточарството ит.н. бараат потрошувачка на електрична енергија и правилен е чекорот на оние кој дошле како предлагачи пред Парламентот на Република Македонија, дека тоа треба нужно да се направи .Затоа тоа нужно се прави и пред овој парламент

што државата презема гаранции да го врати тој кредит. Создава претходни услови онакви што има ингеренции државата да создаде солидна електроенергетска база, за да може како претходен предуслов, стопанските субјекти и други субјекти во Републиката, да можат пазарно да се ориентираат и да сметаат на одредени енергетски можности што ќе ги дава Републиката. Тоа е она што јас го знам како факт лаички.

Второто прашање, кое може да биде второ по ред, а по мене може да биде и прво по ред е аспектот на потребата на обезбедување на Република Македонија претежно електрична енергија од сопствени извори, како еден од условите за гаранција и стабилност на нејзината самостојност како држава. Република Македонија без разлика на отворените процеси на поврзувањето во економската сфера, сеуште во калкулацијата на пазарните елементи и на нејзиниот развој ќе мора барем за еден подолгорочен период да води сметка и за сопствената позиција , да не дозволува преголема зависност од околните субјекти. Колку ова анохроно звучи? И колку е во спротивност со новите тенденции на економски и политички интеграции, пошироко, на Балканот и во Европа, сепак тој момент треба да биде присутен во услови кога за тоа Републиката има потреба со долгорочниот развој за долгорочните потреби од електрична енергија за задоволување, а во периоди кога нејзините домашни потрошувачи не ќе можат да апсорбираат и не ќе имаат потреба добар дел од електричната енергија да ја извезуваат и ја компензираат во потребите кога ќе има поголеми потреби за сопствената потрошувачка во другите соседни земји.

Мислам дека тоа се два битна елемента од кои треба да се подржи целата ситуација. А тоа е тезата дека требало досега целото електростопанство да води грижа за самата да обезбеди средства за проширена

репродукција, а исто така анахроната теза со оглед на дијагнозите кои одамна сме ги поставиле, затоа што електростопанство полека навлегува во новите пазарни услови. Јас да Ве потсетам. Јас се сеќавам лично дека некаде 1992 -1993 година, а кој не верува нека провери, со оглед дека државата даваше согласност за цената на електричната енергија и со оглед на познатите инфлаторните тенденции кои беа во тоа време дека еден киловат час електрична енергија некаде беше еквивалентен на една настинка увезена од Република Грција. И тоа алармантно и симболично ни беше предочено во тие моменти во овој парламент и во еден состав на Владата, на правата македонска Влада дека состојбите поради ваквата ситуација се во колабирачка ситуација. Мислам дека сме на прав пат со денешниот предлог , кој треба да го поддржиме повлечеме само една од бројните полуги кои треба во иднина да се влечат на планот на овој електроенергетски сектор во Република Македонија

Јас за да излезам за на оваа говорница имав уште една интимна потреба, затоа што на една од претходните седници го поставив и тоа прашање, од аспект на изборната единица од каде што сум избран со оглед дека состојбите во преносната секундарна мрежа се катастрофални и овде го поставив како пратеничко прашање пред министерот за електростопанство, со оглед дека советите на двете општини цела година расправаат околу тоа прашање и не е донесено соодветни заклучоци. И како непосредна потреба на граѓаните, кои секојдневно се соочуваат со прекини, со паѓање на напоните, со високи варијации на напоните, со штети што ги претрпуваат во домаќинствата, во нивните ситни стопанства, фамилијарни ит.н. Мислам дека време за чекање нема и треба што побрзо ваквиот проект да се поддржи и да биде реализиран.

IV/5. -

Третото прашање кое се поставува како проблем пред овој парламент, дека тоа ќе биде прекумерно задолжување кое треба да го платат гаѓаните , исто така е едно анахроно размислување . Прво, оној што ги дава средствата сигурно претходно за да ја донесе одлуката да ги вложи ги искалкулирал можностите и финансиски и економски под кои услови работи субјектот кој го зема кредитот и дека за тоа има гаранција дека во благовремен рок, под услови кои ни се презентирани дека тој кредит ќе биде вратен. Меѓу нас има овде поголеми стручњаци од мене, кои знаат дека таквата калкулација и убеденост на тие субјекти кои ги даваат парите , почива исклучиво врз основа на егзактни податоци во еден подолгорочен период и со една сигурна пресметка за идниот период за кој треба да се вратат парите. Мислам дека и таа теза е фрлена повеќе како парола , отколку како лично убедување, особено на дел пратеници , кој длабоко сум уверен дека и повеќе од мене го познаваат проблемот.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на влада, колеги пратеници. Денеска немав намера да зборувам во врска со Предлогот за донесување на законот за обезбедување на кредит за електростопанство, но се она што беше речено за и против, ме побуди да поставам неколку прашна, а истовремено и да барам одговор од сите овие кои што овдека излеговме и си го кажавме своето мислење.

Ми се чини дека многу од Вас кои овде седиме не ја знаеме каква е состојбата на електричната мрежа во државата. Ми се чини дека многу малку од нас биле на терените каде што граѓаните се судруваат со секојдневни електрични удари, а после тоа останувaа без електрична енергија по 24 часа и повеќе, а да не зборуваме за она што го трпат како

штета заради таквите електрични удари. Јас незнам дали некој како пратеник кога отишол на терен не му било поставувано прашањето зошто не се преземаат одредени дејствија кој ќе ја подобрат ваквата псотоечка состојба во преносниот систем и дистрибуцијата на електричната енергија. Треба да сватиме една друга работа. Многу населени места, надвор од урбаната средина кои имаат тенденција на зголемување на бројот на жителите, а истовремено и зголемување на потребата од користење на електрични апарати, нивните трафостаници се веќе вон употреба. Фактички, тие трафостаници кои се градени во одредено време не ги издржуваат напоните за потребите на користењето на електричната енергија. Ако навистина имаме една ваква констатација на состојбите на теренот, тоа е случај и во урбаните средини, не само во руралните средини, тогаш зошто овдека зборуваме за тези кои што се противни на користењето на еден ваков кредит. Уште повеќе што дел од кредитот ќе се употреби во реконструкција на веќе постојните хидроенергетски објекти, за да се зголеми и производството на електрична енергија. Не е лошо ако имаме вишок на електрична енергија, која би ја пласирале на пазарот. Секогаш кога се пласира надвор од пазарот е интерес на Републиката. Беше кажано ние ќе градиме, ќе учествуваме во реконструкцијата на одре- дени енергетски објекти во услови кога имаме вишок електрична енергија која ја извезуваме. Апсурд.

V/1 СП/ЛБ

**ЈОВАН НИКОЛОВ:** (продолжение)

Дури она што се кажа дека овие пари да се употребат во градење на одредени објекти кои ќе апсорбираат нова работна сила мислам дека не држи заради тоа што во реконструкцијата на преносниот систем ќе работат наши луѓе. Се надевам на една интезивна градба на преносниот систем ќе бидат ангажирани поголем број работници надвор од оние кои се редовно вработени во Електростопанството. Според тоа поаѓајќи од фактичката состојба на теренот и потребите за реконструкција и на објектите и на преносната мрежа како и трафостаниците за обезбедување на поквалитетна електрична енергија, престанување на штетите кои ги трпат населените места заради електричните удари, давам комплетна поддршка на предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Јас се надевав дека оваа точка ќе помине на општо разбирање овде во Парламентот на РМ, изненадам сум од поедини дискусии кои сметам дека онака се кажани колку да се каже. Можеби и мојата дискусија ќе биде онака колку да се каже, меѓутоа, да неречам нешто друго. На 13 декември моите деца, моите внучиња се вратија од Германија и кога почна запирањето на струја, немање на електрична енергија, телевизорите, и др, се чудеа зошто немаме. Како ќе им објаснам зошто немаме. Јас Занев зошто немаме, па брзо јавување во дистрибутивните центри, молби, жалби за да имаме струја.

Треба да ни е јасна една работа и ако сум алергичен на некого овде баш ми е мило што сум алергичен , ние порано како РМ добивме електрична енергија за оние капацитети кои ги имавме како лавни капацитети во РМ.

V/2

Па, добиваме од тие мали хидро-електроенергетски системи, добивавме од системи кои беа врз база на разни горива односно хидро и ова во Битола што е, па имавме увоз од тогашна Југославија, од Србија, од Косово ,па надвор од таа Југославија од соседството и од Бугарија, од Албанија, меѓутоа, сега немаме. Не еднаш поставив прашање овде пред Министерството за стопанство каков ни е енергетскиот биланс, тоа значи дали ќе бидеме доволно снабдени со електрична енергија, горива, мазива итн. затоа што и тие се енергенти. Ако се сеќавате поставив и прашање каде се тие средства што се дадени од Северна Рајна Вествалија во вид на нафта и нафтени деривати и употребени по разни претпријатија, детски градинки, училишта, па ми беше даден одговор од Владата од страна на г-динот Јорго Шундовски дека тие се наоѓаат во градската каса. Од тие пари 200 илјади ДМ ни трага ни глас, немаме ништо. Само можеме да кукаме и плачеме, а тие пари кој знае кај се, дали воопшто се дојдени. Па, како што рече еден наш познат човек, бог да го прости, од судни маки, тешки, н евидовме бел ден , а од солзи жешки не станува нашиот живот меден. Тоа значи треба да ја кажеме вистина што е.

Имавме фабрики од 1992 година ги имаме затворено.. Потребата од електроенергија беше таква каква што беше, И денеска е мала потребата од електрична енергија. Ако останеме на ова ниво тоа значи беѓата е тука пак ќе царува, ние ќе ги отвориме тие фабрики , ќе се отвориме спрема светот , ќе треба поголема потреба од електрична енергија заради тоа треба за оваа точка не да мислиме дали Македонија ќе ја задолжиме толку, треба повеќе средства. Треба да имаме повеќе средства и повеќе енергија, за да можеме тие машини да ги ставиме во движење. Тие нови современи машини што мислиме дека ќе бидат компатибилни на западните нити треба некој во движење да ги тера не само човекот, човекот не може со рака тоа бара електрична енергија. Затоа денеска не би требало да поставиме прашање, а тоа значи дека

земја без електрична енергија увозно зависна затоа што секој што работи во работна организација нека си направи своја калкулација а јас верувам дека сите знаете да правите калкулација дека електроенергијата зафаќа доста голем дел во таа цена на чинење на производот односно во вкупната цена на чинење на производството на една фабрика заради тоа немојте многу да зборувате, треба да дигнеме рака и ова да го прифатиме и што побргу да се оствари тоа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-динот Станковски по трет пат.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Да г-дине претседателе по трет пат. Ние мораме и пред јавноста и пред самите себе да се поставиме неколку круцијални прашања или едно круцијално прашање. Тука многу се зборуваше за анхронизмот на дискусиите и на потезите кои некои дискутанти бараа или оваа програма на некој начин да се редефинира тоа значи дали е сега моментот да се задолжиме со 61 милион. Тука паднаа многу дилеми дали можеби требаше тие пари , такви пари да употребиме за инвестирање во стопанството. Јас само како прилог на оваа дискусија и на вас за размислување за конечно одлучување ќе наведам неколку аргументи. Знаете. има еден виц незнам колку се вклопува во оваа тема, ќе морам да го кажам вели: "одличен стил имаше во пливање, но се удави". Сакам да кажам прашањето е дали сега треба да инвестираме во овие објекти кога фактички секојдневно среќаваме луѓе на кои им се исклучува струјата, каде наплатата изнесува 18 до 25% ненаплата од потрошувачите. Тоа покажува една економска немоќ на граѓаните и неможност да ги плаќаат основните потреби, јас мислам дека сите ќе се

согласите со мене дека граѓаните водат сметка колку е сијалицата вклучена или исклучена. Фактички се работи за нешто друго. Исто така ние знаеме дека околу 80 или повеќе проценти од потрошувачката од производството на енергија ја носи капацитетот РЕК Битола, а тој не е така стар значи фактички треба да се промени опремата во хидроенергетските капацитети кои во однос на РЕК Битола се занемарливи. Дали тоа сега да го направиме дали треба практично сега пред изборите, дали Владата и ова Собрание треба да се задолжат. Дали треба да побараме кредити каде ќе овозможиме да се отвора работни места кои малку коштаат во инвестирањето. Тие прашања без разлика на партијата треба да си ги поставиме бидејќи сме одговорни пред граѓаните и како партија и како Влада која е актуелна.

Сакам да кажам ако треба да се инвестира, а мислам дека најмалиот дел од инвестирањето од ова што се нуди е токму во ова што е најпотребно што зборува за нисконапонските мрежи односно мрежите кои се директно врзани на корисниците на електрична енергија. Меѓутоа, тој дел е многу мал што мислам дека можат да се изнајдат начини тоа да се постигне. Фактички се залагаме да се задолжиме и парите ги насочиме да го подигнеме стопанството па тогаш стопанството ќе бара енергија која треба да му ја понудиме. Фактички ќе се согласиме сите имаме такви капацитети кои фактички немаат потреба од електрична енергија. Пола од фабриките или 75% се уништени, немаме никакво производство. Главните корисници на електрична енергија кај нас се поголеми корисници како што "ЈУгохром"-Јегуновце, "Велес" и "ФЕНИМАК" другото е сведено на многу малца потрошувачка.

Значи, се обидувам да размислувам многу рационално и економично дека треба да се инвестира во третиот дел кој е директноврзан врзан за корисниците да добијат квалитетна енергија, секое село, секое

домаќинство добие квалитетен напон меѓутоа, за комплетно опремување на хидроцентралите мислам дека сега не е време да потрошиме толку пари. Јас ќе ви кажам за една споредба веројатно овие пари се рамни на едномесечна плата на 250 илјади луѓе. Тоа треба да го имаме како податок.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стефановски, јас знам дека е ова многу податлива тема за политички маркетинг, меѓутоа , сакам исто да ве предупредам дека ни престојa многу значајни седници. Се сомневам дека ќе влеземе во временски цајтнот.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Јас се извинувам што реплицирам со мојот пријател Станковски

меѓутоа едноставна причина по самата природа кога говорев за спецификата на мојата професија со овој сегмент ќе кажам зошто го поимам тоа да се инвестира во хидроцентралите. Цело пеглаше се врши преку хидроцентралите. Знаете, кога се високите побарувања во домаќинствата се пегла преку хидроцентралите.

Второ, крајно критична фаза е преведено на обичниот јазик видете, никој во институциите не плаќа амортизација, немаме осигурување во домаќинствата, обично граѓанин трпи поголеми штети. Видете, кога мене при тие осцилации ќе ми цркне фрижидерот и некое друго гредао тело кога компјутеризирано светло ќе ми цркне во театорот при немање средства за осигурување и амортизација последиците се катастрофални. Преведено на обичниот јазик ако се случат штети во крајна линија и луѓето кои работат да ве потсетам во Битола во таа критична фаза на електричната енергија каква е мрежата има четири до пет луѓе кои се

инвалиди со вештачки раце за да можат да ги обавуваат деталностите токму при такви итни слуачеви да трчаат да ја направат електричната мрежа. Има катастрофални последици. Зошто е тоа? Сигурно немање средства за амортизација . Како градевме термоелектрани да градевме и таква електрична мрежа, јас стручно можеби не кажувам сигурно подобро ќе каже Станковски но чувствата кај луѓето кои директно ги чувствуваат последиците јас како граѓанин сметам дека овде треба да голтнеме да препуштиме , да ги ставиме без разлика какви одлуки сме донеле во партиските редови да го поддржиме, бидејќи тоа е стратегиска цел . Во крајна линија оваа проблематика е за некакво стручно тело можеби за некаква трибина и да кажат кои се правците како се движи електричната енергија во Македонија. Овде при добивање на ваков кредит со пет години грејс период ќе имаме политчко слепило ако тоа не го до- несеме. Се извинувам што вака пламнувам, жал ми е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека нема смисла сега да тука се поодвоиме дека едни треба да имаат електрична енергија во државата а други да немаат.

Никој од оваа говорница не кажа дека боли глава од премногу енергија. Никој не го кажа,. Меѓутоа, сите сме свесни дека практично она што го спомнавме на почетокот дека материјалот утврдениот Предлог закон не е комплетен, недостасуваат податоци . Сите ние денеска импро- визираме и се вртиме околу тоа. Даваме примери за амбиции, за работи што можеби не се предвидени или можеби некој знае дека се предвидени.

V/7

Кога реагирав вчера дека недостасува еден од предлагачите Министерството за стопанство, корисникот на овој кредит е Електростопанство ги ставивме некои колеги во непријатна состојба да ни даваат одговор и ја бранат позицијата на електростопанството затоа што можеби таму случајно работат. Зошто немавме претставник од електростопанството па да каже извинете од ова ќе се гради ова и ова, немојте да си замислувате дека ние ќе ја подобриме целата дистрибутивна мрежа и до последното село во државата. Сигурно дека тоа не е така. Кога реагирав зошто не се поделени позициите, што е тоа ревитализација на капиталните хидроенергетски објекти, што е тоа дистрибутивна мрежа, што е тоа диспечерски центар, што е тоа подобрување со параметри, очигледно ќе дојдеме до она што јас ќе го кажам како заклучок законот доаѓа во две фази, во меѓувреме се ова што го бараме како неопходни податоци да ни биде доставено. Не можам да прифатам дека просечната цена ќе биде зголемена за еден фенинг и 18, а граѓаните нема тоа да го почувствуваат. Како? По редот на нештата граѓаните ќе осетат затоа што ако граѓаните не плаќаат им се прекинува напојувањето. Кај другите субјекти гледаме дека има толеранција и добро е да има. Не добивме одговор каде одат тие пари што незаконски се зафаќаат во овој систем. Не добивме одговор како ќе се наплатат долговите особено на најголемите потрошувачи. Сега не знаеме што ќе се ревитализира во "Врбен", а што "Тиквеш". Не бараме технички проект бараме податоци од тие 60 милиони 3 милиони таму 5 ваму, меѓутоа нека бидат приближни бројки, неможе да биде во купот и може да се случи целата сума да оди во изработка на трафостаница во овој актуелен временски период што доаѓа затоа што тие позиции не се ограничени. Ве молам, немојте сега за да имаме хаварии во зимски период некаде имаме редукции и рестрикции а некаде да биде се сигурно. Многу работи ни фалат во државата. Меѓутоа, да бидеме рационални и конструктивни.

V/8

Овој закон треба да се комплетира со се она што е дискутирано туку овие денови односно денеска и што е страшно ако се побрза тој закон да го добиеме во рок од 30 дена, еден реален рок. Ако веќе заемот е потпишан значи веќе некој ги има тие параметри на маса некаде во некој компјутер ќе си ги обработи и овие дополнителни податоци што ги бараме и ќе ни бидат доставени и сите ќе гласаме единствено за овој закон. Меѓутоа не можам да прифатам дека кредитите се многу поволни. Никој во светот не дава кредит ако нема интерес. Треба да престанеме со таа демагогија дами и господа. Дека пет години е голем рок, ќе дојдат како сега тие пет години. Тие пари треба да се враќаат. Никој не позајмува дури и подарени пари имаат обврски дали политички или одредена опрема да се купи, па преку цена тоа ќе се надокнади, преку провизии, преку инженеринг, маркетинг итн., така да не бидеме во заблуда дека секој кредит што го доби Македонија е беспрекорен. Сите други кредити не чинат. Немојте така. Пазарот на пари си има свои правила, Светска банка си има свои комитенти, свои односи, сигурно дека е поволен, најдобро е ако не мора да се задолжуваме. Во некои дискусии провејуваше дека можеби Електростопанството треба да има моќ да може вакви интервенции што значат ревитализација, што значат проста и делумно проширена репродукција треба самите да си ги покрива преку цената на производот што го продава на пазарот.

Јас сум овој закон да оди во две фази, има потреба, а за втората фаза зависи од подносителот дали ќе биде брзо или по некој месец.

VI/1.-НН/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој). Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем.

Молам, процедурално бара збор господинот Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Со оглед дека е енергетската мрежа во мојата изборна единица Битола и државата е катастрофална, со гласањето на овој закон сметам дека доста ќе се подобри истата, односно со негласањето на овој закон мислам дека ќе ја влошиме и натаму состојбата на оваа мрежа.

Од тие причини јас ќе гласам за овој закон. Истовремено сакам да кажам дека ме изненадува што некои од вработените во овие институции не станаа да се изјаснат за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секој има деловничко право да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(48 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).

Колку пратеници има во салата?

54 пратеници се присутни во салата. Според тоа гласањето не може да биде валидно. Ве молам, навистина имаме нова седница пред нас, идната недела ги имаме изборните закони и ако вака работиме, со ваква одговорност не ќе стасаме до крајот на годината, ќе ги продолжиме изборите.

VI/2.-

Бидејќи сега во салата се присутни 64 пратеници, повторно го ставам на гласаше предложениот заклучок.

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеници).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на насловот на законот со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународна банка за обнова и развој.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

VI/4.-

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман на член 1 за додаваше нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Звонко Каров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници иако во постојниот член 23 став 2 е утврдено што се подразбира под приватни инвеститори, односно таму дословно стои дека под приватни инвеститори се подразбираат правните и физичките лица со мнозинство на приватна сопственост и сметаме дека допрецизирањето што го предлага пратеникот со предложениот амандман може да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија.

VI/5.-

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната само- управа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, како и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници).

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 22 - Извештај за работа на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1997 година.

Извештајот на Агенцијата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Хаџивасилева, директор на Агенцијата.

VI/6.-

**ВЕРИЦА ХАЏИВАСИЛЕВА-МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Во јуни оваа година се навршуваат пет години од спроведувањето на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал. Според тоа ова е добар момент да се навратиме на она што се направи во меѓувреме, но и да проговориме за приватизацијата малку поглобално, не само изразено во вид на цифри, бидејќи во минатото многу често токму така дискутиравме.

Ова дотолку повеќе ако го земеме предвид и фактот дека приватизацијата во Република Македонија почна уште на крајот на 1989 година, со Законот за општествениот капитал, со што практично феноменот на приватизацијата е присутен во текот на целата последна деценија. Деведесеттите години во светот,. а особено во таканаречените земји во транзиција беа обележани со спроведување на намерата да се смени социјалистичкиот, општествено-економскиот поредок и да се премине кон изградба на пазарниот капиталистички, економско-политички систем. Секој одделен чекор во доближувањето кон новиот систем и секоја одделна промена, реформа, односно дел од неа значеа сериозен напор за оние што ги спроведуваа овие реформи и за оние кои тие се однесуваа. Но сепак убедливо најмногу внимание во стручната јавност, меѓу оние кои ги спроведуваа реформите и особено широката јавност при приватизацијата, иако таа е сепак само еден дел од структурните реформи, а тие пак, структурните реформи се една, односно последната од четирите основни стожери на транзицијата, кои што се реформите на правниот систем, макроекономските реформи, микроекономските реформи и структурните.

Факт е дека токму приватизацијата предизвика најмногу внимание, интерес, дискусии, емоции и нервози. На ниво на генералната публика имаше дури обиди вкупните промени што се случуваа во државите да се

VI/7.-

поистоветуваат со приватизацијата, а и причините за сите движења во економијата и односите кои се воспоставуваа меѓу актерите да се бараат во приватизацијата. Има дури и набљудување на приватизацијата како едно големо општо зло, иако ниеден организиран субјект не се осмели јавно да каже дека е против приватизацијата са ма по себе. Има повеќе причини за ваквата состојба.

Прво, приватизацијата за разлика од другите реформи ги допира самите претпријатија. Со други зборови тоа се активности кои се спуштаат до одделните стопански организми и на тој начин се многу видливи за сите, за менаџментот, за вработените, за доверителите и за другите заинтересирани за одделните претпријатија.

Второ, на некој начин спротивно на претходното иако процесот во основа е или треба да биде многу видлив тој е многу стручен и подетална достапност до него може да имаат менаџментот и специјализираните стручни кадри во претпријатијата. Менаџментот обично, што се покажа како не многу ретко не е посебно заинтересиран да ги открива сите потребни информации на поширокиот колектив, г тоа пак до некаде го фетижира целиот процес и го зави во некоја маг-ловитост.

Трето, очигледно е дека приватизацијата апсолутно не е неутрална за голем број граѓани, за вработените, за менаџментот, за купувачите, за старите сопственици, за доверителите, за пошироката заедница, а и граѓаните воопшто. Во големата курпуленција на разговори што се водат околу приватизацијата најчесто се заборава зошто всушност се почна со оваа сложена и масовна активност. При тоа е значајно да се каже дека тоа не е феномен само на земјите во транзиција, таа се случува во развиените земји, во земјите во развој, во новоиндустријализираните земји, во постсоцијалистичките земји. Се случува на сите континенти и помасовно се случува во последниве неколку децении.

VI/8.-

Специфичноста на земјите во транзиција е што кај нив се врши приватизација на целата економија и тоа е навистина нешто ново што во тој обем историјата не го памети. Еве неколку од причините зошто приоѓаме кон приватизација.

Државните претпријатија имаат нејасни, повеќенасочни, контрадикторни цели. Тие патат од мешање на бирократијата во деловното одлучување, со нив централизирано се одлучува, мала е ефикасноста во нивното работење, мала е продуктивноста и мала е мотивираноста на вработените. Малата ефикасност значи мали даночни приливи. Неефикасните претпријатија бараат се повеќе субвенции и поддршка. Тоа води во меко буџетско ограничување односно финансиска недисциплина. Се тоа води кон низок економски раст и развој.

**ВЕРИЦА ХАЏИВАСИЛЕВА МАРКОВСКА:** (продолжение)

Управувањето со државните претпријатија станува голем товар за државата. Мала е конкуренцијата во стопанството. Од друга страна, развојот на техниката и технологијата овозможи појава на конкуренција и во сектори што до скоро се сметаа за природни монополи.

Приватизација може да се прави и заради зголемување на приходите на државата. И, уште еднаш, во транзиционите економии, а во масовни размери се прави заради промена на политичкиот и општествено-економскиот систем на земјата.

Сега, би се осврнала на состојбите во Македонија.

Од почетокот на приватизацијата до крајот на 1997 година во Република Македонија беа приватизирани вкупно 1132 претпријатија, во кои што работат вкупно 1186 работници и чија што вкупна вредност изнесува повеќе од 3,5 милијарди марки. При тоа треба да се нагласи дека приватизацијата во Македонија не се случува само со трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Приватизацијата на македонското стопанство се случува и со влезот на нови приватни претпријатија на македонскиот пазар. Тоа е паралелен процес што има големо значење за развојот и во одлучувањето на структурата на пазарот.

Во периодот од 1990 година кога со закон се овозможи формирање на приватни претпријатија, до крајот на 1997 година во Република Македонија се формирани вкупно над 100 илјади претпријатија, од кои што, всушност сите новоформирани претпријатија се претпријатија во приватна сопственост.

За одредена анализа за оценка на значењето на приватниот сектор е направена проценка врз основа на податоците од периодичните и завршните сметки за 1996 и 1997 година, обработени во Заводот за платен промет. При тоа се анализирани резултатите на приватните претпријатија, како и резултатите на сите претпријатија приватизирани заклучно до крајот на 1997 година.

Од овие анализи се гледа дека над 73% од вкупниот приход на стопанството во Македонија веќе се формира во приватниот сектор во приватни претпријатија работат приближно 62% од вкупниот број вработени во стопанството и во нив се остварува добивка од близу 76% од вкупно остварената добивка во Република Македонија. Ова, пак, зборува дека приватниот сектор станува значаен фактор во економскиот живот на земјата, што значи дека Република Македонија веќе чекори во постприватизационата фаза.

Оценка на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал е дека процесот на трансформација опфатен со Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал е при крај со својата реализација. Ова се потврдува со фактот дека најголем број претпријатија што подлежат на овој закон се веќе приватизирани, а исто така еден голем број претпријатија приближно 230 се во процес на трансформација, ја имаат изготвено целата документација и одлуката за трансформација и неа ја доставиле во Агенцијата. Тие се наоѓаат во некои од фазите на реализирање на Одлуката за трансформација и треба да се очекува во наредните неколку месеци ќе завршат со првата фаза на процесот на сопственичкото преструктуирање.

VII/3

Од аспект на квалитативното оценување на она што се случи во приватизацијата, наша оценка е дека некои од основните цели на приватизацијата не се остварија онака како што се очекуваше. Тука, првенствено се мисли на идејата за добивање доминантен стратешки сопственик на претпријатијата, кој на претпријатијата ќе им внесе не само јасен мотив за успешно работење, туку ќе внесе и нов капитал и нови знаења и менаџерски способности. Како најчест купувач на претпријатијата што се приватизираа се јави постојниот менаџмент и вработените и со тоа се доби расплината сопственичка структура на целиот капитал.

Концептот на широка сопственост во основа не е лош, дури е потребен и пожелен. Но, тој треба да се спроведува на еден дел од капиталот. А, другиот дел, по можност претежниот да биде поседуван од доминантен сопственик. Впрочем, таква беше концепцијата на Законот за трансформација и тој предвидуваше такви резултати. Причината за многу мала појава на доминантни сопственици во приватизираните претпријатија беше недоволниот прилив на странски капитал во земјата, како и слабата моќ на домашниот приватен сектор што би можел да се јави како купувач на општествените претпријатија.

Во ограничена мерка, како причина за недоволната појава на доминантен сопственик беше и делумната приватизираност на капиталот во некои претпријатија, врз основа на стариот југословенски закон за приватизација, така што, всушност немаше доволно капитал што се нудеше за продажба.

Во таква консталација, во најголем број случаи, единствен понудувач на програма за откуп на претпријатијата што се приватизираа беа само менаџментот и вработените.

VII/4

Оценувајќи го процесот station наназад, сметаме дека е сепак добро што воопшто постои купувач на претпријатијата. Но, факт е дека значително поместување напред од развоен аспект само со приватизацијата не ќе може да се очекува. Тоа е состојба што треба да се констатира и од неа да произлезат соодветни длабоки постприватизациони активности.

Во таа смисла, сакаме посебно да се оцени приливот на странски капитал во процесот на приватизацијата. Во досегашниот период имаме 14 приватни претпријатија што директно се приватизираа со странски капитал. При тоа, не ги сметаме оние што веднаш се продадоа на странски партнер, непосредно по завршената приватизација. Има и неколку такви.

Вкупниот износ на странски капитал, без вложувањето што се случија по приватизацијата изнесува 45 милиони германски марки. Тоа е малку. Основните причини ги гледаме во високиот политички ризик на земјата, во малата видливост на земјата на меѓународниот пазар, но и во сеуште неподготвеноста на повеќето субјекти во Македонија за практично прифаќање на концептот на отворена економија.

Сепак, вреди да се потенцира уште еднаш дека странските вложувања не се случија во голема мера во приватизацијата. Меѓутоа, исто така, можеби уште помалку се случија и надвор од приватизацијата. Значи дека не би требало да се поврзе недостигот на странски вложувања само со процесот на приватизацијата, туку проблемите треба да се бараат пошироко.

Приватизацијата е ново искуство во земјите на транзиција и на истражувања за резултатите, веројатно ќе треба да почекаме уште неколку години. Во текот на оваа деценија се формираа базите на податоци, се воспоставуваат сериите што ќе се анализираат, а тие

постојани ќе се надоградуваат. Во Агенцијата веќе се формираат такви бази и се почнуваат анализите.

Сепак, обидувајќи се да ги анализираме искуствата од земјите во транзиција, како и нашето сопствено искуство, сметаме дека нема да погрешиме многу доколку констатираме определени правила за некакво оптимално изведување на процесот на приватизацијата. И, во таа смисла ќе се обидам да дадеме наша оценка за тоа како ја гледаме Македонија во светло на придржувањето кон овие принципи.

Прво, одлуката за тоа кој модел за приватизација ќе се примени е чисто политичка одлука. Моделот е важен во смисла дека тој треба да ја одразува волјата на народот, се разбира. Но не е најважен. Тоа што е поважно е да не се изгуби премногу време во договарањето за тоа прашање. Во меѓувреме се создава простор за некомпетентно и неодговорно управување со претпријатијата и нивно ограбување, па износот на капитал што останува за приватизација, откако ќе се избере моделот, рапидно се намалува. Тоа им се случи на речиси, сите земји во транзиција. Македонија не беше исклучок во таа смисла.

Второ, водењето на целиот процес на економски реформи е од исклучително значење. Приватизацијата е само еден дел од целиот систем на економски реформи. Но, ниту една не може успешно да се реализира со фрагментарен пристап.

Приватизацијата без регулација и либерализација, всушност значи приватизација во заштитен пазар, каде што определени лица може да стекнуваат незаработен дел од националното богатство, за сметка на потрошувачите или за сметка на други групи.

VII/6

Улогата на ефикасна држава се менува од директна интервенција и директно учество во стопанската активност, таа улога оди во регулирање на пазарот во најширока смисла и во воспоставување на правната рампа и институциите, но и во спроведувањето на она што е со правото зацртано.

Во случајот со Македонија, приватизацијата се спроведуваше во недостиг на неколку клучни закони, спроведени и неспроведени клучни реформи. Тој имаше неповолно влијание врз приватизацијата и особено врз реализацијата на постприватизациониот период што ќе беше побезболен доколку тие беа навреме спроведени. Во основа мислиме на регулирање на односите на пазарот на капиталот. А, потанаму, она што е исто уште позначајно е она што е регулирано со законите, тоа е ефикасното остварување, значи суштественото и ефикасно работење на судската власт, што спаѓа во основните предуслови за функционирањето на пазарната економија.

Трето правило, процесот мора да се води транспарентно. Сите учесници во процесот мора да се информираат што е можно повеќе и постојано за самиот процес, за фазата во која тој се наоѓа, процедурите, конкретните случаи од кои што може да се стекнуваат искуства и знаење.

Процедурите, пак, исто мора да бидат транспарентни, да се применува моделот на јавно објавување и огласување на претстојните продажби, максимално да се избегнуваат непосредните продажби и договарања. На тој начин најефикасно ќе се избегнат можностите за корумпирање на процесот, а сите заинтересирани ќе бидат во тек со она што се случува.

Сметаме дека македонскиот случај беше многу успешен во таа смисла, особено од аспект на улогата на Агенцијата и нејзината отвореност во најшироката јавност. За жал, тоа не беше случај во микросрединиите каде што најголемите проблеми отпосле се откриваат, всушност произлегуваат од лошото информирање на вработените и акционерите.

Четврто, конзистентноста на процесот е од суштествено значење. Тоа значи дека се непожелни честите менувања на правецот во приватизацијата. Земјите што имаа чести промени во правилата, моделите и начините на приватизацијата создадоа повеќе неред во целиот процес, отколку подобрување во него.

Евентуалните промени би требало да бидат во конзистентноста со веќе усвоената филозофија на приватизацијата. Значаен резултат од процесот на приватизацијата воопшто е што се става ред во сопственичките односи, а тие не трпат нагли промени и промени со сосема спротивни насоки. Македонскиот случај во овој критериум го оценуваме позитивно.

Петто, евентуалните девијации што се случиле во било која фаза на процесот, треба да се отстрануваат во рамките на правниот систем на земјата, а тоа во основа е преку судскиот систем и преку докажување на делото што се напаѓа.

Во наредниот период во Република Македонија претстојат следниве активности што директно се сврзани со приватизацијата и развојот на приватниот сектор:

- Исполнување на последните празнини во институционалното опкружување на земјата, а што има влијание врз процесот на приватизацијата. Тука е првенственено донесувањето на Законот за денационализација што го донесовте пред два дена, законот за земјиште и некои слични законски проекти;

- Заживување на новиот Закон за стечај, на банкротство и присилно порамнување;

VII/8

- Доршувањe на приватизацијата во претпријатијата што се во процесна приватизација или уште не го почнале процесот;

- Контрола и мониторинг на досега склучените договори за приватизација, што претставува собирање на средствата согласно договорената динамика;

- Контрола во спроведување на другите елементи од договорите, во некои случаи и раскинување на договорите и преземање на преостанатите акции;

- Изградба на концепт за поефикасна продажба на малцинските акции на Агенцијата, но и на државниот капитал во трансформираните претпријатија и реализација на тој концепт.

Постепено проширување на приватизацијата во секторите од јавните услуги што првобитно беа изземени од трансформација, онака како што ќе се отвора потребата или можноста за тоа, така, веќе знаете дека прва оди на продажба Телекомуникациите. Подоцна можеби ќе се осознае потребата од приватизација на некои други јавни претпријатија или делови од нив.

Проширување на приватизацијата во рамки на подлабоки реформи во општествените дејности онака како ќе се отвораат и осознаваат потребите и можностите за тоа и во пропорција со светските искуства во одделните области.

Реформите во овие дејности треба да почнат многу брзо, а приватизацијата и кај нив, веројатно, ќе се случува и наскоро.

Воведување на приватната логика во државните, односно сеуште неприватизирани претпријатија на начин што е сличен со управувањето на приватните претпријатија. Во овие активности влегуваат преструктумрампго пред приватизација, управувањето на државни претпријатија со помош на менаџерски договори, концесиите БОТ и сличните аранжмани итн.

Повеќето од овие форми на ефикасно користење на средствата во државна сопственост во основа значат приватизација на бизнисите, а не и приватизација на основните средства. Но, доколку помагаат во остварувањето на глобалната цел на економијата за рационално и ефикасно користење на расположливите ресурси, тие се повеќе од оправдани.

И конечно, постприватизациони аспекти, основните подрачја за развој на приватниот сектор во кои што државата ќе има активности во наредниот период ние, во Агенцијата ги оценуваме дека се следниве:

1. Олеснување на трговијата со сопственичките права и развојот на пазарот на капитал,

2. Инвестициона и трговска промоција,

3. Деловна промоција и особено развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото, и

4. Обезбедување услови за остварување на донесените закони но и на склучените договори.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Има збор г-дин Илија Каров

VII/10

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

Од Извештајот за работата на Агенцијата и од усното излагање на г-ѓа Хаџивасилева, разбравме дека од вкупно 1216 претпријатија што требале да бидат приватизирани, заклучно со 31.12.1997 година се приватизирани 1132 претпријатија, а треба да бидат приватизирани уште 84 претпријатија.

Согласно Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал што стопанисуваат со земјоделско земјиште, требаше да се приватизираат околу 350 стопански субјекти од областа на аграрот.

Од аспект на вработените, можевме да разбереме и од извештајот и од излагањето дека во приватизираните претпријатија се опфатени околу 186 илјади лица. Бидејќи се работи за трансформирани претпријатија со голем број вработени лица, би сакал да ја изнесам мојата забелешка, дека во таа насока, овој извештај требаше да ги содржи и податоците за вкупниот број на лица кои останале без работа после приватизацијата на овие претпријатија.

Според тоа, пратениците мораат да бидат информирани за бројот на стечајните работници, како и за бројот на претпријатијата што отидоа под стечај веднаш после приватизацијата.

Во овој Извештај мораше да биде дадена и една анализа за причините што придонесоа за одење во стечај на приватизираните претпријатија и за голем број стечајни работници од истите претпријатија.

Агенцијата мораше да ги образложи причините за стечај и голем број стечајни работници, бидејќи јас, како пратеник, не ги знам причините, дали се тие објективни или пак се работи за големи ујдурми и малверзации во процесот на приватизацијата на поедини претпријатија.

Покрај другото и од овие показатели ќе можеше да се донесе оценка за успехот или неуспехот на процесот на приватизацијата, а со тоа и работата на Агенцијата.

Би сакал да бидам објективен и реален. Знам дека во некои претпријатија постапката, начинот на приватизација и избор на лицата кои ги купиле целосно или над 51%, а со тоа го стекнале управувачкото право, е несоодветен и нереален. Тоа се потврди и со фактот што таквите претпријатија веднаш по приватизацијата отидоа под стечај, а работниците останаа на улица, односно без работа.

Иако новите сопственици на приватизираните претпријатија имаа обврска да го задржат бројот на вработените најмалку пет години по приватизацијата, ваквите чести појави го потврдија фактот дека СДСМ ги даваше фирмите на продажба само на своите членови, а не на квалитетно понудени програми. Па, еве, последиците од тоа се гледаат.

Посебна е приказната за трансформација на агрокомплексот. Рековме дека околу 350 стопански субјекти требаше да бидат приватизирани, согласно Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал што стопанисуваат со земјоделско земјиште, што овој Парламент го донесе во април 1996 година.

**ИЛИЈА КАРОВ:** (продолжение)

Овој пат би сакал да потсетам дека споменатиот закон го донесовме со многу пропусти, слабости и недоречености. Уште тогаш како член на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство при ова Собрание се залага за прифаќање на повеќе амандмани, а особено околу фамозниот член 7.

Би сакал да потсетам дека во тоа време повереникот на Владата беше присутен и даде согласност за некои наши забелешки. Меѓутоа, што се случи почитувани пратеници. Тогашниот министер господинот Паракеов не прифати ниту еден амандман на Комисијата, па и на пратениците околу овој закон. Па, еве почитувани пратеници, последиците сега се натрупуваат, а најголеми потешкотии имаат земјоделските комбинати, кои се задолжени да извршат соодветни структурни промени во самите земјоделски комбинати. Оттука, разбирливи се потешкотиите на Агенцијата што ги има околу овие отворени прашања, а се во врска околу спроведувањето на оваа многу трансформација. Проблемите се присутни, особено околу примената на методологијата за проценката, практичната примена на член 7 односно организациското и структурното преструктуирање на поголемите системи, како и со утврдувањето на сопственичката структура на земјоделските задруги.

Што се однесува до сопственичката структура на капиталот во земјоделските задруги, јас најенергично се спротивставувам на решенијата на Владата, односно на Комисијата при Владата што ги дава за извршената приватизација на некои земјоделски задруги. Би сакал во оваа прилика да го искажам моето несогласување со некои решенија што веќе Владата ги донесе односно спомената комисија при Владата. Имено, таа неправилно пристапи во утврдување на сопственичката структура во некои земјоделски задруги. Па, така од државниот капитал што беше во некои земјоделски задруги едноставно Комисијата при Владата се откажа од тој имот и некои земјоделски задруги на мала врата ги прогласи за веќе приватизирани. Со тоа Владата им даде посебна привилегија на задругите, а земјоделските комбинати ги турна во уште полоша и незавидна положба. Затоа, предлагам на истите да се изврши ревизија и правилно да се утврди сопственичката структура во тие земјоделски задруги. Од 350 претпријатија, Комисијата на Владата издаде решенија на 106 претпријатија и задруги. А, само земјоделски задруги беа приватизирани околу 37. Иако сопственичката структура требаше правилно да биде извршена од страна на Заводот за платен промет и Управата за јавни приходи.

Почитувани пратеници, предлагам под итно Владата на Република Македонија да пристапи односно да предложи измена и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со

општествен капитал, кои стопанисуваат со земјоделско земјиште. Покрај другите недоследности да се допрецизира и фамозниот член 7. Ова го предлагам од причина што оваа одредба претставува тешко прифатлива и спроведлива обврска за земјоделските комбинати.

Задолжителното организационо преструктуирање на претпријатијата во процесот на приватизацијата им се наметна и претставува сопирачка во понатамошниот процес на приватизацијата. Праксата покажа дека постојат пречки и бариери околу организацијата на работењето на комбинатите, особено околу принципите за преструктуирање на репроцелините. Застој на приватизацијата во агрокомплексот има. Тој е евидентен и јасно изразен. Покрај лошите законски одредби во Извештајот на Агенцијата, поточно во точка 6 на страна 11 стои: " За одбележување е проблемот на неажурноста на Управата за јавни приходи во текот на годината, поради што многу често трпи во време комплетната постапка за трансформација на правните субјекти. Од ова, почитувани пратеници, произлегува заклучокот дека за големиот застој во комплетната постапка на процесот на приватизација во огрокомплексот е одговорна Управата за јавни приходи.

Понатаму, во овој Извештај недостасуваат и резултатите од извршените ревизии во приватизираните претпријатија. Длабоко сум убеден дека Агенцијата требаше да ги удостои пратениците со Информација за неуспешните трансформации во Република

Македонијата. Тоа не би требало да остане како тајна на Агенцијата. Па, во таа насока јас би побарал од директорката на Агенцијата, госпоѓа Хаџи Василева да изготви една Информација за тоа и да ја достави до пратениците за една од наредните седници. Од досега изнесеното може да се заклучи:

Прво, дека се направени бројни неправилности во изборот на купувачите на поедини претпријатија, што се потврдува во изборот, што се потврдува и со отворените стечајни постапки во веќе приватизираните претпријатија и големиот број стечајни работници во тие исти претпријатија.

Второ, трансформацијата во агрокомплексот е во застој и не се одвива со очекуваната динамика.

Трето, постојат разлики меѓу Агенцијата за приватизација и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство околу процесот на приватизација во агрокомплексот. Тие разлики и ставови мора да се надминат, а тоа ќе се направи ако меѓу другото се промени и членот 7 од споменатиот закон.

Четврто, да се ажурира работа на Управата за јавни приходи и да се преиспитаат некои одлуки околу сопственичката структура на капиталот во земјоделските задруги и земјоделско-индустриските комбинати.

Петто, за комплетно и целосно остварување на трансформацијата потребно е законско решавање на стопанските субјекти што не беа опфатени со досегашните закони. Тоа се, неземјоделски задруги, некои земјоделски институти, опитни станици, развојни служби итн, каде што нивниот статус е сеуште нерешен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Јанкуловски:

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, факт е дека приватизацијата на стопанските дејности најкрупната, истовремено и најдраматичната промена што се одвива во последните 7-8 години во нашава земја. Нејзината драматичност е најкарактеристично изразена преку голем број на затворени фирми, чести стечаи, голем број на невработени како последица на бавното односно спорото, а би рекол невозможно за толку краток период да се направи нешто повеќе. Стопанството да се прилагоди на новите услови, а во преден план зависно од расцепканоста на пазарите, нелојалната конкуренција, неадаптираност на овие нови услови и новите технологии.

Процесот на приватизација од неодамна во споредба со другите дејности оправдано, но со задоцнување од 4-5 години започна и во земјоделството со мали исклучоци и повеќето од земјоделските претпријатија односно комбинати и задруги се во почетна фаза на приватизација. Јас би рекол добро е и што е така бидејќи земјоделството како стопанска дејност е специфична и во многу нешта се

разликува од другите стопански гранки. Познато ми е дека основни фактори на оваа гранка, пред се, се влијанието на климатските и почвените услови врз структурата, обемот и квалитетот на производството, времето на обртот на капиталот, при што морам да споменам дека кај земјоделската дејност е значително подолг во споредба со другите дејности, потоа државната политика и нејзиното влијание врз развојот на оваа дејност. Првите два фактори сметам дека на сите вас ви се добро познати, а за третиот фактор дозволете во кратки црти да го образложам. И денес во светот се познати две концепции за поддржување на земјоделското производство, а тоа се американската и Европската. Американската концепција не подржува доделување односно давање на стимулации во земјоделството. За разлика од неа Европската концепција сеуште има такви привилегии и барем во овој период преку разни начини, разни методи стигаат доста поволни стимулации во земјоделството. Што, исто така можам да кажам веќе очигледно е во наредните 5 години да очекуваме дека овие стимулации во Европа се настојува да престанат. Приватизацијата на земјоделските претпријатија, односно комбинати и задруги е неминовност, што добро е што започна, меѓутоа спецификите кои погоре ги спомнав, мора да се имаат предвид, како не би направиле некои покрупни грешки, како што би имале поголеми драматични

последици врз идниот развој на оваа дејност. Она што е превидено во законот за приватизација на земјоделските претпријатија, пред се, земјоделското земјиште како што знаете не е предмет на приватизација, а со оглед на бројните фактори кои ја условуваат таа определба за оваа фаза на нашиот развој, мислам дека оправдано е тоа што, сепак, се оди со една ваква политика, што не значи дека таа определба во некој друг период не треба да се промени. Меѓутоа, секако, тоа ќе го покаже времето. За овој период убеден сум дека земјоделското земјиште треба истовремено да се отстапи на долгорочно користење заедно со приватизацијата на комбинатите, што истата би се користела најстручно и најдобро. Во зависност од структурата на земјоделското производство би било потребно ова земјоделско земјиште да се дава кај поледелското производство на барем најмалку 20 - 40 години, а кај овоштарството од 30 - 50 години. Во спротивно ќе имаме неефикасно, нерационално користење на земјата, која е една од најголемите национални богатства и основа на секоја држава, особено на држава со релативно мал земјишен фонд, каква што е и нашата земја Република Македонија.

Следното прашање, господа пратеници, кое ценам дека е многу значајно и најзначајно е самата цена на приватизацијата. Бидејќи најголемиот дел од стопанските дејности, знаеме дека се приватизираа по стариот Југословенски закон односно т.н. закон на Анте Марковиќ и

веднаш ќе кажам дека и тука ја гледам онаа разлика на приватизацијата каде што едни претпријатија се приватизираа по овој закон и сметам дека беа доста привилегирани во однос на новиот закон на оние претпријатија кои се приватизираа по новиот закон и кој сметам дека многу повеќе ги чинеше и ги чини овие претпријатија. Тука мислам дека не е никаква тајна ако кажам еден пример со едно претпријатие, а тоа е, ќе го спомнам бидејќи најдобро ми се познати работите, Земјоделскиот комбинат Пелагонија. Овој комбинат истовремено е и прв комбинат кој го потпиша првиот договор од оваа дејност во нашата држава. Избран е моделот продажба на лица кои го преземаат управувањето од страна на сите вработени. Дефакто, тоа претставува едно вистинско работничко акционерство. Проценето е на 28 милиони германски марки и спрема мене и спрема многу други стручни лица од оваа област сметам дека е доста висока цена и кога се знае дека 51% од оваа сума за прецизирање на ова претпријатие изнесува околу 14 милиони марки, до овој момент платени се околу 4 милиони марки. Најбитно од сето ова е за државата што овој комбинат има платено околу 4 милиони марки во кеш пари и од Буџетот на секој акционер. Битно е да се знае дека предмет на приватизацијата, како кај овој комбинат, така и кај останатите комбинати, е се она што се наоѓа над земјата. А, знаеме дека предмет на приватизацијата е исклучиво земјоделската механизација. Уште повеќе и поддржана на сето ова би било тоа што оваа земјоделска механизација

претежно се купуваше, барем во овој комбинат, во периодот на транзиција односно последните 4-5 години. Кога нагласувам што е предмет на приватизација, повторувам дека од многу битно значење е овие приватизирани комбинати преку долгорочен закуп, како што спомнав од 20-50 години на земјоделското земјиште истовремено потребно е, значи преку овој закуп, би се обезбедиле и со една комплетна целина, а целината знаеме во земјоделството претставува механизацијата плус земјоделското земјиште. Ако едното го имаме, а другото го немаме, знаеме дека ништо не сме постигнале. Практично, приватизацијата би имала една голема празнина, па затоа јас апелирам истовремено со оваа приватизација да се вклопи и договарањето односно давањето на концесија на земјоделското земјиште.

Поаѓајќи од сите претходно нагласени специфики, уште еднаш потенцирам дека приватизацијата е неминовна, но затоа пак од друга страна потребно е земјоделските претпријатија, кои вака уредно ги уплаќаат средствата во Агенцијата за приватизацијата, сметам дека во обратен процес и Агенцијата за приватизација би требало да се потруди на овие претпријатија, односно на овие приватизирани комбинати да им возврати преку давање на тие средства, преку кредити, сепак, овие комбинати да им се овозможи да ја заменат онаа застарена механизација, која во моментот ја поседуваат, односно би послужиле за осовременување на техниката и технологијата во земјоделството. Ова ќе има одредени позитивни влијанија врз развојот на земјоделството и би ги ублажило неповолностите и неправилностите во поглед на оние претпријатија кои се приватизираат по стариот Југословенски закон.

VIII/10

Уверен сум дека ако досега моравме да бидеме внимателни по однос на приватизацијата на земјоделските комбинати, сега сметам дека е неопходно тој процес што повеќе да се забрза.

Често пати се поставува прашањето какви комбинати сакаме, мали или големи, ефикасни или неефикасни, а од друг агол произлегува. Уверен сум дека ако досега по ова прашање постоеше двоумење, сметам дека оправданоста за постоење на мали или големи претпријатија односно комбинати, пред се, би требало да биде пазарот како најголем арбитар, така што не би требало да има пишана формула, ниту пак треба да трагаме по таква пишана формула, но сметам дека иднината е на комплементарните фирми, а профитот според тоа ќе ги категоризира во мали или големи, успешни или неуспешни.

Затоа, по однос на прашањето каков тип на субјекти во земјоделството ни се потребни, моето мислење е субјекти кои се управувани ефикасно , кои се спремни да се соочат со сите ризици, избегнувајќи ги сите предрасуди.

На крај сметам дека и треба да се надеваме дека приватизацијата е вистинскиот прв чекор во времето што не очекува и што доаѓа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Најдовски.

IX/1 ЛП/НД

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, господинот Јанкуловски кажа дека приватизацијата е многу драматична, ама изгледа нас пратениците многу не не драматизира од интересот кој го имаме, изгледа мирно ја гледаме оваа ситуација.

На почетокот сакам да кажам дека скоро во целина се согласувам со оној дел од воведното излагање кое госпоѓа Хаџивасилева го имаше во однос на теоретскиот пристап на приватизацијата и она како би требало да биде. Но морам да кажам дека не се согласувам во оној дел кога ќе ги согледаме резултатите во праксата и она што се спроведува во Република Македонија.

Би сакал на почетокот да направам едно споредување од Извештајот од 1996 година, кој го разгледувавме овде ние пратениците во текот на минататата година и извештајот кој е за 1997 година, кој го разгледуваме на денешната седница. По една таква споредба дојдов до еден заклучок дека некој нас пратениците не смета за луѓе со кратко паметење или пак не смета за луѓе да не употребам уште потежок збор дека не размислуваме што ни се испраќа да разгледуваме и што материјали треба да разгледуваме. Ова го велам од една проста причина. Се обидов буквално од реченица до реченица да ги споредам двата извештаи и дојдов до една констатација дека овие два извештаи се скоро идентични и некој се дрзнал да препишува цели пасоши и скоро цели страници од буква до буква, од збор до збор, и запирка и точка и извичник и прашалник и да ни ги понуди и од минатата година и од оваа година. Да не ве заморувам, земете ги тие два извештаи и споредете ги. Тоа е едната работа на која сакам да укажам и да укажам на несериозниот однос кој што се има кон пратениците во однос на овој извештај.

IX/2.-

Втора работа, која за мене е битна и би требало да ја разгледаме, е тоа што оценките за состојбите и проблемите кои ја обременуваат приватизацијата и во Извештајот за 1996 и Извештајот за 1997 година буквално се потполно исти, и структурално исто изнесени, и проблемите и остварените резултати. Сега се прашувам зошто и Агенцијата и Владата на РМ не најдоа за сходно во овој извештај за 1997 година да ни кажат што направиле во овој период од една година од усвојувањето на едниот извештај, со предлагањето на другиот извештај за надминување на тие проблеми. Тоа повлекува еден заклучок дека таа анализа веројатно не е направена. Во Извештајот од 1997 година, мислам дека е на страница 2 или 3 е припишана од буква до буква следната оценка: "Генерална оценка која би можела да биде дадена за процесот на трансформација, набљудуван во негова целина, е дека процесот се одвива со задоволителна динамика и најголемиот дел од целите зацртани како глобални реформски идеи и насоки добиваат своја постепена физиономија и тек." Истото тоа го имате на страница 3 и во Извештајот за 1996 година, што значи дека оценката во 1996 година и оценката во 1997 година е потополно иста. Ако е иста, тогаш зошто во Извештајот за 1997 година ги наведувате проблемите кои ги наведувате како идентични проблеми во 1997 година. Што направиле надлежните органи за надминување на тие проблеми? За тоа не е одговорна само Агенцијата, одговорни се и други институции кои требале да предлагаат и донесуваат решенија. Затоа сметам дека оценката што е дадена е дадена без анализа, без анализирање на конкретните анализирани резултати. За да може да се прифати една ваква оценка, која е изнесена и во 1996 и 1997 година, според мене сметам дека е потребно во извештајот да се направи една споредба на поставените цели со Законот за трансформација, кој како што кажа госпоѓа Хаџивасилева, годинава слави еден јубилеј од 5 години и тие поставени цели да се споредат со резултатите кои се постигнати во овие пет години, па дури тогаш ќе мо-

жеме да дадеме оценка дали е постигната или не саканата ефикасност. Госпоѓа Хаџивасилева во денешниот воведно излагање се обиде, не се обиде туку точно наведе некои цели дека се сакаше да се постигне ефикасност во работењето, се сакаше да се постигне ефикасност во управувањето со претпријатијата и уште неколку други цели, но во исто време ако ги прогледаме и проблемите кои се изнесени во извештајот, ќе видиме дека фактички се тие најголемите проблеми со кои се соочуваме во процесот на трансформацијата, односно не сме ги постигнале баш зацртаните цели со Законот. Од таа причина што во овој случај во извештајот тие споредбени показатели, дали квантифицирани или оние кои неможат да се квантифицираат во квантитативна форма да се дадени за да се споредат, ги немаме.

Иако во недостаток на информации и податоци, би сакал да укажам само на дел од работите кои се изнесени во извештајот и за кои треба да се размислува.

Уште со донесувањето на Законот за приватизација една од главните задачи поставена со законот беше стекнување на титулар на сопственик на општествениот капитал и со тоа ниеден политички субјект скоро и да немаше поединци во Република Македонија што не се согласуваа и да имаат нешто против да се постигне тој степен односно да се оди кон приватизација на општествените претпријатија. На прашањето кое сега се поставува дали е остварена таа задача или добивме јас би рекол еден вид приватно самоуправување. Бидејќи ако погледаме кои се разликите пред донесувањето на Законот и сега со управувањето во претпријатијата, ќе видиме дека разлики скоро и да нема на тој план и за тоа јас велам тоа не е ништо друго, туку еден вид приватно самоуправување, во кое раководните органи ги имаат сите пра-

ва без никакво ограничување и никакви обврски и одговорности во однос на своите активности. Зошто го кажувам тоа? Од причини што во праксата во најголем број случаи, што е констатирано и во Извештајот, имаме работниците акционери правата кои произлегуваат од сопственост на акциите во најголем број случаи тие права ги пренесоа на поранешните директори и раководители и сега тие ја презедоа целосно управувачката функција. Сега некој ќе рече дека никој не ги терал тие работници да ги пренесат правата на директорчињата што биле околу нив и управниците, бидејќи тие можеле да си се здружат и така да го остваруваат своето право на управување кое произлегува од сопственост на акциите. Тоа е точно во теоријата и е исправно така. Но ајде да видиме во праксата. Имаше ли работник кој ќе имаше моќ и сила да рече јас не го пренесувам моето право за управување со акциите на мојот директор. Што ќе се случеше тогаш? Тогаш веднаш тој ќе беше,да не претерам ама избркан од работа. Сега некој ова веднаш ќе го поврзе и ќе рече дека во теоријата правото на поседување на акции не произлегува од тоа право и правото на работно место. Тоа е точно дека е така и се согласувам со тоа. Но затоа велам да се симнеме во нашите услови кои се сега. Тоа би било добро кога поголемиот дел од претпријатијата би остварувале добивка и работниците би имале право на дивиденда во однос на поседување на правото на сопственост на акции. Но со оглед на тоа што кај нас скоро грото од претпријатијата кои се приватизирале ретко кој покажува добивка, па ретко кој може да се надева на дивиденда од поседување на акцијата која ја има во одредено претпријатие. Затоа велам за мене досегашниот тек како се одвива претставува приватно самоуправување.

IX/5.-

Тесно со овој проблем е поврзан и проблемот на малите акционери, кој е потенциран и во Извештајот за 1996 година, истиот проблем се потенцира и сега во Извештајот за 1997 година. Јас поставувам едно прашање. Кој е тој што се наоѓа во управните одбори на одредени претпријатија, според законските решенија кои сега му се даваат, кои ќе им дозволи на малите акционери да ги изнесат своите акции на пазарот. Да не бидам вулгарен, но никој нема да се откаже од тоа право, бидејќи работниците им го пренеле тоа право тој да управува со тој капитал, па Законот за трговски друштва досега тоа му го дозволуваше, ако на наредната седница не го измениме, управниот одбор ќе дозволел акциите на малиот акционер да излезат на па- зар. Никогаш, заради тоа што тој сака ако има 51% од акциите, односно без да вложи свој капитал ќе сака да управува. Тоа е нормално. Сметам дека оваа аномалија е добро што се предлага со измена на Законот за трговски друштва да се измени и можеби ќе има некои позитивни резултати.

Овде во однос на малите акционери би сакал да потенцирам уште една работа. По се изгледа постои неусогласеност во гледањата на Владата на РМ и Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во однос на прашањето за големиот број на мали акционери. Имено, Агенцијата смета дека тоа е проблем и треба да се надмине и предлага некои решенија. Од друга страна, она што досега Владата на РМ го има изнесено, сметам дека Владата има спротивни решенија. Не е така одамна 1996 година и локалните избори, кога во еден од спотовите за кампањата за 1996 година како еден од големите успеси СДСМ изнесуваше 220 илјади работници станаа акционери во РМ и тоа го сметаше за голем успех. Значи ли тоа дека Агенцијата и Владата во однос на тоа прашање имаат спротивни гледишта.

IX/6.-

Следното прашање на кое сакам да се задржам и на кое во Извештајот нема дадено одговор, а тоа би требало да се добие со споредување на предлозите и на остварените резултати, е прашањето што при донесувањето на Законот на големо се пропагираше дека ова ќе биде платена приватизација и да ви кажам најискрено тоа го при- фаќам и сметам дека е најисправниот начин. Но ако ги споредиме резултатите кои се постигнати и она што беше предвидено, сметам дека овој концепт не е остварен. Имено, госпоѓа Хаџивасилева кажа, тоа го имаме и во Извештајот дека проценката на општествениот капитал, кој треба да се приватизира по овој закон, е 3.537.180.733 германски марки, а од Извештајот може да се види дека заклучно со крајот на 997 година се остварени вкупно 234.705.290 германски марки или во проценти изразено околу 8% од проценетата вредност на општествениот капитал. Ако ги споредиме овие резултати, ќе се постави прашањето дали тоа е платена приватизација со 8% кои произлегуваат од показателите и второ прашање, дали е платена приватизација кога во самиот Извештај е изнесено дека најголемиот број од досега внесените или остварени финансиски средства по однос на приватизацијата од овие 8%, се во однос на заробени девизи, како се наречени од граѓаните на Република Македонија. Затоа, сметам дека е потребно и на ова прашање да се даде оценка како од Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал, исто така и од Владата на Република Македонија, и дали тие се согласуваат во однос на ова прашање дека тоа претставува платена приватизација.

Уште едно прашање кое е доста актуелно и на кое во последно време се посветува посебно внимание е прашањето во однос на акциите кои се пренесени на Агенцијата за натамошна продажба. За овој проблем дискутиравме и минатата година кога разговаравме за Извештајот и според тие оценки Агенцијата располага со околу 400 милиони

IX/7.-

германски марки но очигледна е следната состојба. Имено, Агенцијата и надлежните органи многу малку направиле за да ги ефектуираат овие акции со кои располагала Агенцијата. Од една страна, во Извештајот се критикуваат раководните тимови во претпријатијата за лошо управување и лошо раководење во однос на акциите, а од друга страна се поставува ли прашање за лошо управување и лошо раководење од страна на државата, на Владата и Агенцијата со тие акции со кои тие во моментот располагаат, односно со тие 400 милиони германки марки. Или пак може ли да се постави прашањето дали некој нарочно не го одолговлекувал овој проблем со акциите со кои располагала Агенцијата и сега да ги доведе во состојба, барем според она што досега е изнесено во медиумите, до драстично намалување на номиналната вредност на овие акции, или кога тие на крајот ќе излезат на пазарот можеби ќе достигнат вредност, ако се сега 400 милиони германски марки, 10, 20 или 30% од таа вредност. Затоа сметам дека и на ова прашање е потребно да се даде одговор.

И на крајот би завршил околу прашањето на странските вложувања, за кое зборуваше госпоѓа Хаџивасилева, кое е изнесено во Извештајот. И тука може да се констатира дека и во 1996 и 1997 година анализата покажува едно исто дека имаме слаба заинтересираност на странските инвеститори во Република Македонија и во причините кои госпоѓа Хаџивасилева ги изнесе во своето излагање, ги на- веде причините од политичкиот ризик кои произлегуваат во Република Македонија, недоволното претставување на Република Македонија пред странските заинтересирани лица, но тука изостанува едно важно прашање. Точни се овие причини кои вие ги наведувате, но се поставува прашањето кој е одговорен за тоа. Јас сум убеден дека граѓаните на Република Македонија не се одговорни за тоа, сум убеден дека не одговорен овој Парламент за тоа. Затоа, сметам дека е потребно да се

најде причината кој е одговорен. Одговорна е според мене во овој. случај Владата на Република Македонија и Агенцијата, бидејќи во нејзина надлежност се токму дел од причините, освен ако го иземеме политичкиот ризик кој не е во надлежност на Агенцијата, за кој придонесуваат надлежните државни органи кои раководат во овој момент со Република Македонија.

И на крајот сметам, од причини што овој извештај претставува само препишување на она што е од минатата година и што кон овој извештај недостасува оценката од Владата на РМ за процесот на приватизација во Република Македонија, во која и таа еднаш конечно ќе го каже јавно својот став и својата оценка пред пратениците и граѓаните за досегашната приватизација, дека овој извештај треба да го вратиме, да биде надополнет со таа оценка и да биде надополнет со споредувачките параметри за кои зборував.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Пецо Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во Извештајот за работата на Агенцијата за 1997 година се презентирани резултатите за остварувањето на процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, остварувањето на задачите на Агенцијата во 1997 година, остварените средства од трансформацијата на претпријатијата, финансискиот извештај на Агенцијата, како и проблемите во остварувањето на задачите на Агенцијата. Јас сакам да се осврнам на прашањето на средствата од приватизацијата, остварени досега и оние предвидени кои ќе се остваруваат. Секој осврт на прашањето на средствата од приватизацијата остварени досега и оние кои во иднина ќе се остваруваат треба да има предвид неколку претпоставки

IX/9.-

или поточно карактеристики на условите во кои се одвива процесот на приватизацијата во Македонија. Без да се разгледува ова прашање во контекст на реалните услови и појдовни точки на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал постои опасност од изведување на погрешни заклучоци.

Република Македонија беше една од републиките во поранешна Југославија во која приватизацијата од почетокот на 90-те години според тогашните закони сојузни се спроведуваше со изразен интензитет. Фактички голем дел од претпријатијата беше започнал со приватизацијата.

X/1.-JM/OM

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Одлуката за издавање на акции беа донесени и интерните акции беа запишани и што е најважно уплатите на интерните акции во голема мерка беа извршени. Јасни се и многу често истакнувани причините за комерцијалниот пристап на македонската приватизација. Не треба да се потврдува дека секоја акција што било кој ја стекнал, или ќе ја стекне во приватизацијата е, или ќе биде платена. На претпријатијата им беше дадена можност да донесат сами одлуки за моделот на приватизацијата. Со тоа во голема мерка процесот беше автономен, односно можностите за интервенирање на државата во донесувањето на одлуките за приватизацијата беа мошне ограничени. Воглавно тоа беше можно во претпријатијата кои не го искористиле правото и обврската за донесување на одлука за трансформацијата. Па дури во тие случаи како што е наведено во Извештајот на Агенцијата во голем дел се почитуваа намерите на претпријатијата. Но многу е важен и фактот што скоро секој од моделите на приватизацијата во Македонија овозможува отплата на акции на рати на 5 години. Секако дека претпријатијата повеќе беа заинтересирани за овие модели. Податоците покажуваат дека во најголем број на претпријатија беа применети модели кои го овозможуваат плаќањето на рати. Тоа се претпријатијата кои имаат и највисоки вредности. Вкупно според склучените договори со Агенцијата очекувано е да се откупат акции во вредност повеќе од 530 милиони германски марки. Доспејаните обврски до крајот на 1997 година изнесуваа околу 182 милиони германски марки. Ова е податок на кој треба да се обрне внимание затоа што до крајот на 1997 година според податоците на Агенцијата врз основа на истите договори остварени се околу 195 милиони германски марки, однос- но повеќе од доспеаните обврски. Нетреба да создава дилема фактот што за дел од претпри-

јатијата за кои се склучени договори купувачите не успеале да ги отплатат акциите. Од друга страна за некои претпријатија отплатите се извршени пред доспевањето на обврската за нивното плаќање. Заклучокот што треба да се изведе е дека ако се разгледува процесот на приватизацијата и отплатата на акциите во целина тој се одвива со предвидуваната динамика. Останува во наредните 4, 5 години да се изврши отплата на уште околу 349 милиони германски марки. Не треба да се заборави уште еден принцип кој беше вграден во Законот за приватизацијата обезбедувањето на праведност во приватизацијата се изврши преку акциите со попуст за кои на вработените во претпријатијата им е овозможено да ги купат. Условите за нивната отплата се уште поповолни. Повеќе се и секако се јасни причините што имаше голем одзив за нивното откупување кај вработените во претпријатијата што се приватизираа. Вработените во голема мерка го искористија ова право што е за поздравување затоа што претставува основ за рамнотежа во самите претпријатија. Вкупниот износ на акциите под повластени услови запишани од страна на вработените изнесуваат околу 348 милиони германски марки. Отплатата на овие акции започнува во текот на оваа година. Зависно од резултатите мерката на која вработените ќе ги отплатат овие акции ќе се стекнат со сопственост со нив, или пак ќе се продолжи со нивна отплата . Резултатите би требало да се очекуваат во скора иднина. На неколку места во Извештајот на Агенцијата истакнато е прашањето и на така наречените резидуални акции. Нивната проценета вредност е околу 399 милиони германски марки. Тоа е исто така дел од општествениот капитал кој во иднина треба да се продава. Тоа се акции во претпријатијата кои веќе се приватизирани повеќе од 51% и за кои во постапката на спроведувањето на моделите на приватизацијата не се јавил заинтересиран купувач. Средствата од продажбата на овие акции

треба да се остваруваат во идните неколку години. На ова прашање би требало да се концентрираат идните активности. Примена на соодветна стратегија за нивна продажба е приоритет. Треба да се размислува и за акциите кои државата ги стекна по разни основи во претпријатијата тоа се акции со проценета вредност од околу 261 милион германски марки па конечно и акциите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во вредност од 213 милиони германски марки. Без да се навлегува во по-длабоко анализирање на ова прашање треба само да се потенцира исклучивото значење на развојот на пазарот на капитал разгледуван од повеќе аспекти, на неговата поврзаност со продажбата на овој капитал во на- редните години. И конечно пред донесувањето на законот за приватизација постоеше ... за неопходност од решавањето на проблемите кои Македонија ги наследи со распаѓањето на бивша Југославија, пред се на големиот долг кон граѓаните врз основа на нивните девизни штедни влогови. Повеќе мерки и активности беа преземени за извршување на обврската која државата ја; презема кон овие граѓани. Покрај другото во Законот за приватизација беше вградена можноста откуп на акциите во прнватнизацијата да се врши и со таканаречени заробени девизи. Ефектите од оваа. мерка се очигледни. 58,32% од вкупно остварените средства во приватизацијата се остварени со користење на заробени девизи и 30,83% од обврзниците издадени врз основа на заробените девизи. Оттука не треба да не зачудува фактот што приливот на готовински средства во приватизацијата е реалтивно мал. нормално е да се очекува дека купувачот на акции во приватизацијата ќе го користат овој инструмент на плаќање на акциите. Само 10,85% од вкупните средства се остварени со уплата на готови средства на посебна сметка на Агенцијата. Но од друга страна досега долгот на државата е намален за околу 209 милиони германски марки.

X/4 . -

Со тоа не само што државата се ослободи од товарот на овие обврски , туку и граѓаните остварија дел од своите побарувања што придонесе за намалување на притисокот на ова прашање. Не треба да се пренабрегнат и другите ефекти од процесот на приватизацијата. Конверзиите на побарувањата во траен влог во претпријатијата се извршени во износ поголем од 1240 милиони германски марки. Претежно конверзиите се извршија како резултат на Законот за загубарите во постапката на стечај, но и во зависност од изразената волја на претпријатијата должници и кредитори . На тој начин претпријатијата се ослободија од огромниот товар на овие обврски кои ги притискаше.

На крајот општо. Мислам дека извештајот е доста содржаен и дава солидна слика за остварувањето на процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и за работењето на Агенцијата во изминатата година. Јас ќе го подржам извештајот за работењето на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1997 година.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата и на Агенцијата, почитувани дами и господо, со денешната расправа Собранието на РМ остварува една многу важна своја улога според Уставот на Република Македонија, а посебно според Законот за трансформација на општествениот капитал од каде произлегува обврска Собранието да остварува контрола врз одвивањето на процесот на приватизација во нашата земја со доставувањето на едногодишните извештаи од страна на Владата. Веднаш би сакал да кажам дека ниту односот на Парламентот, односно пратениците не задоволува, односно е

неодговорен како што е неодговорен и односот на Владата на РМ кон Собранието и кон процесот на приватизација од една единствена причина затоа што пратениците се однесуваат како да расправаме за кој знае каков неважен проблем па прашање е дали ги има тука во бројот 20 присутни, а Владата на РМ во сите овие години не не удостои со ниедно доставување на ставови во врска со тоа како таа гледа на спроведувањето на процесот на приватизација, како мисли дека треба да се разрешуваат проблемите на кои наидува процесот на приватизација, туку не удостојува со едно паушално писание од неколку ретчиња во кое пишува дека го подржува извештајот на Агенцијата и му предлага на Собранието да го прифати на седницата на која се расправа . Сите знаеме дека приватизацијата е многу тежок, сложен, противречен и конфликтен процес од кој зависи судбината на реформите во РМ , затоа ш:то во темел ги менува односите не само во економијата, туку и пошироко и воопшто во системот во Република Македнија.

Во врска со приватизацијата дадени се оценки од страна на Агенцијата зад кои веројатно стои Владата на РМ кои се потполно идентични со оценките и ставовите од минатата година, меѓутоа кои не соодвејствуваат со оценките кои се дадени од релевантни меѓународни институции за процесот на одвивањето на трансформацијата во Република Македонија и посебно се контрадикторни во однос на оценките кои се дадени од страна на граѓаните на Република Македонија во последното истражување кое е направено од институтот за социолошки и политичко правни истражувања во РМ од октомври, односно ноември месец во минатата година. Ако се земат во предвид оценките кои се дадени од страна на граѓаните на РМ за одвивањето на процесот на приватизацијата и за ефектите од тој процес на приватизација како тие го доживуваат очигледен е заклучокот дека не може да се занемари фактот

X/ 6 . -

дека во јавното мислење во РМ кај огромен број на граѓани приватизацијата се доживува како голем грабеж на општествениот капитал со кој располага РМ, а некои луѓе на кои јас навистина им верувам велат дека ни турците за петвековното владеење во РМ не успеале толку да го ограбат македонскиот народ колку што е ограбен со процесот на приватизација во РМ за последните години откако е донесен Законот за приватизација, или што би рекол еден многу виден новинар во РМ дека еден мал слој на луѓе во државата од некогашни копуци станаа големи буржуи, а притоа никој да не ги прашува од каде им се парите да можат да ги купат некогашните општествени претпријатија, никој не ги прашува од каде им е потеклото на капиталот, од преку ноќ станаа големи газди купувајќи ги фабриките без да имаат никакво наследство од нивните татковци и дедовци. Меѓутоа, верувам дека нема да биде далечно времето кога во РМ веројатно некој ќе се сети не да прави ревизија на процесот на приватизација, туку како што и Агенцијата сама вели во Извештајот да направи една малку подебела контрола во процесот на одвивањето на постапките за приватизација на општествениот капитал во РМ, па доколку се дојде до оценки дека се направени груби прекршувања на Законот за трансформација на капиталот во РМ веројатно еден дел од нив ќе бидат соочени со лицето на правдата и ќе им се суди за тоа што го направиле во изминатиот период грабајќи го општествениот капитал од грбот на работниците кои макотрпно ги создавале фабриките во изминатите години. За да ги докажам овие тези кои ги пласирав сега , ќе се обидам да Ви презентирам дел од податоците кои се објавени во истражувањето кое го спомнав од страна на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања кои податоци се во одредена мерка и загрижувачки и за позицијата и за опозицијата посебно во делот кој се однесува за нивните оценки дали работите во РМ одат во правилна, или во погрешна насока Можете да замислите дека дури 77,5% од испитаните граѓани на РМ сме-

X/7.-

таат дека работите во државата не одат воп равилна насока , или одат во погрешна насока . Само 13,7% сметаат дека одат во добра насока и не знаат да се определат 8,8%, или што е уште позагрижувачки одговорот на прашањето дали создавањето на пазарно стопанство во голема мера ослободено од државна контрола е правилно, или погрешно за иднината на РМ. 58% одговориле дека е погрешно, 25,3% дека е правилно и не знае да одговори, односно нема став 16,7%. Се разбира за ваквите одговори кои можат да имаат далекусежни последици ние не можеме да ги окривуваме граѓаните затоа што едноставно тие така ги доживуваат реформите и така го доживуваат процесот кој се одвива во моментов во нашата земја, а сите знаеме дека секаде во светот реформите се спроведуваат за да на граѓаните им се направи поубав животот . За разлика граѓаните од другите, можеби дел од другите држави граѓаните на РМ сеуште не можат на свој грб да ги почувствуваат благодетите од реформите кои се прават во нашата земја, иако враќање од тој пат нема, затоа што тоа е единствено исправен пат на создавање на вистинско пазарно стопанство во РМ. Меѓутоа многу се интересни одговорите на граѓаните во врска со тоа како се одвива процесот на приватизација во РМ и кој е виновен за таквите состојби со одвивањето на процесот на трансформацијата. Дури 50% од испитаниците сметаат дека приватизацијата се одвива цитирам: Со одредени изигрувања и прекршувања на законот. Значи дури 50% сметаат дека има груби прекршувања на Законот за трансформација на општествениот капитал. За разлика од нив само 4% сметаат дека приватизацијата се одвива цитирам:во целост соодветно на Законот за приватизација што е навистина фрапантен податок.

10% сметаат дека во најголема мера се одвива според Законот. Во врска со одговорноста зошто така се одвива приватизацијата во РМ дури 47% сметаат дека Владата и Комисијата за приватизација при Владата на РМ се криви за ваквите состојби со процесот на приватизација, а 27% сметаат дека вината е во Законот цитирам: затоа што остава премногу можности за изигрување, а 10% сметаат дека е вината во Агенцијата или во менаџерските тимови на претпријатието.

Во врска со прашањето што мислат граѓаните на РМ за важноста на трансформацијата во заживувањето на македонското стопанство дури 32% сметаат дека тоа е важно , 22% дека е малку важно , 18% дека воопшто не е важно, а 28% дека приватизацијата е најважна за стабилизација на македонското стопанство. Ако на ова се додадат информациите кои можевме да ги прочитаме во вчерашното издание на дневниот весник "Дневник" податоци кои се превземени од водечкиот економски магазин "Бизнис центар" каде што е направена табела за странските вложувања во 27 земји од Централна и Источна Европа за минатата година каде што податоците не се секаде за истата година , за ист период од година та, таму е даден податок дека Македонија компарира со овие 27 земји од Централна и Источна Европа се наоѓа убедливо, убедливо на дното во Европа по приливот на странски инвестиции со 30 милиони американски долари при што не се земени средствата кои пристигнаа при купувањето на Железарница-Скопје од Мак-стил, меѓутоа тука треба да се корегираат веројатно. Податоците на Агенцијата се поточни каде што се манипулира со бројка од 69 милиони долари од кои 25 милиони се во приватизација- та. Меѓутоа, една од државите која е на дното заедно со Македонија е Албанија со 298 милиони. Дури ако земеме дека е 69 во Македонија дека се 69 милиони долари влезени како странски инвестиции , поделете ги 298 со 69, ќе видите за колку пати повеќе странски инвестиции се влезени во Албанија во споредба со Македонија,

а да не зборувам за Словенија каде што се влезени 1,7 милијарди долари, Романија 2,4 мили- јарди,Чешка 7,3 милијарди долари странски инвестиции. Исто така ,на сето тоа би сакал да ги додадам и оценките кои некаде во втората поло- вина на минатата година ги изрече Европската комисија на Европската Унија давајќи оценка за состојбите во РМ каде што за процесот на приватизацијата во РМ беше дадена оценка дека не ги дава очекуваните резултати и дека се одвива со големи проблеми . А тоа го потврдува и ставот на г-динот Пол Рејнолд од Меѓународниот лондонски економски институт Адам Смит кој при посетата во РМ давајќи оценки и изјави за состојбите со македонската економија посебно со приватизацијата во РМ изнесе многу критички оценки во споредба со процесот на приватизација кој се одвива во другите држави од Централна и Источна Европа. Па ќе си земам за слобода за да бидам по аргументиран да цитирам неколку пасоши од неговите оценки кои се пренесени исто така во неговото интервју во дневниот весник "Дневник". Во нив г-динот Пол Рејнолд оценува дека цитирам. македонската приватизација е во подем и како што вели теоретски општествениот капитал е приватизиран околу 40%. Меѓутоа, аналитичарите од Институтот, Светската банка дошле до заклучок дека најголемиот дефект во македонската приватизација треба да се бара во нејасната и нетранспарентна продажба на акциите внатре меѓу менаџерските тимови и неинформираните работници кои во повеќе наврати запишале акции и по таа основа станале сопственици на општествен капитал во претпријатието. Ова е и основна причина зошто македонската берза, пазарот на капитал сеуште не функционира.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Македонија има голем проблем и со големиот дефицит во платниот биланс, но и со многу ниското ниво на инвестиции. Странски инвестиции практично нема. Свесен сум дека на скандалозните статути на македонските компании, толерирани од фамозниот член 290 од Законот за трговски друштва, кои не дозволуваат вработените во претпријатијата да ги продаваат акцијата надвор на нашата берза, официјалниот македонски пазар на капитал. Овој принцип не само што не е дозволен во Европа, туку е многу гласно оценет како нешто што е спротивно на принципите на пазарната економија и концептот на цивилното општество. Во вашите претпријатија многу трансакции се случуваат во магла. И уште негова оценка дека реформите во македонскиот банкарски систем се во самиот почеток, приватизацијата на странски капитал речиси и нема, сметководните стандарди не се до крај јасни а се чувствува и висока монополизација на некои клучни сектори во стопанството, како што за вас се launches речеме тутунскиот сектор, производството и извозот на вино и на некои земјоделски производи. Имате монополи во нафтениот бизнис итн.

Би сакал повторно да се навратам на извештајот кој го добивме од Агенцијата . Иако Агенцијата се потрудила да направи навистина содржаен извештај во кој се внесени многу податоци , за да добиеме вистинска претстава за тоа како се одвива процесот на приватизација со табеларни прегледи , би сакал да се осврнам на неколку делови од извештајот, посебно на оние каде што се даваат оценки за одвивањето на процесот на приватизација во РМ и за тоа каде се причините за слабостите кои се случуваат во приватизацијата.

XI /2

Претходно г-динот Најдовски кажа дека Агенцијата повторно ни ги пласира истите оценки за процесот на приватизација, буквално препишаниот како во минатата година. Тоа не мора да биде ни толку страшно како факт дека е препишано нешто од минатата година, колку што е загрижувачки фактот дека со самото презентирање на истите податоци од минатата година, на истите оценки и квалификации , на директен или индиректен начин , Агенцијата или Владата на РМ признаваат дека во изминатата година ништо не превзеле за да се разрешат тие проблеми на кои наидува приватизацијата, или мерките што ги превзеле не ги дале задоволителните и очекуваните резултати.

Се разбира, нема многу да ни помогне ако се вратиме назад,. на самиот почеток на приватизацијата, па да дискутираме околу тоа иако директорката многу глобално во одредени делови од нејзиното излагање зборуваше за процесот на приватизација во Македонија и во земјите од централна и источна Европа, меѓутоа, сепак треба да се спомне дека можеби еден од изворите на ваквите подготовки и лошите ефекти од приватизацијата во РМ можеби лежат во моделот за приватизација, кој беше одбран , модел кој требаше да оствари три цели во приватизацијата во РМ а подоцна беше набележено уште една цел . Тие први три цели беа, брза приватизација, платена и праведна приватизација.

Околу брзината на приватизацијата не треба да се дискутира многу, факт е дека таа ќе се одвива уште долго време и самата директорка веќе го уфрлува терминот во игра посприватизациона постапка, посебно заради претпријатијата е одбран моделот на откуп од страна на сите вработени се до оној момент додека не дојде до окрупнување на акциите во претпријатијата, тој процес ќе се развлекува и ќе трае долго долго години.

XI /3

Во врска со пратената приватизација , очигледно ефектите изостануваат, посебно ако се земе предвид фактот дека многу мал дел има прилив на капитал во кеш средства кои се влеваат во посебната сметка на агенцијата во најголемиот дел се преку откуп со заробени девизи .

И третиот дел околу правичната приватизација, не сакам многу да зборувам затоа што претходно кажав како неа ја доживуваат граѓаните на РМ. Нешто подоцна беше уфрлен и четвртиот важен ефект кој треба да се постигне со приватизацијата, а тоа е ефикасноста во работата на стопанските субјекти кои се приватизираат со Законот за трансформација на општествениот капитал . Би рекол сосема слободно тоа го признава и Агенцијата во извештајот кој е доставен дека и од овој аспект ако се гледаат работите и ефектите изостануваат, затоа што е факт дека со самата трансформација, не е постигната поголема ефикасност во работата на претпријатијата во РМ , доколку не се исклучат одреден мал број на претпријатија кои претходно добро функционираат, пред да дојде до нивна приватизација, меѓутоа, во најголем дел од претпријатијата, сеуште не е сменет односно кон менаџментот и кон начинот на управување и раководење во претпријатијата и очигледно дека самата приватизација не е доволен фактор за да се смени односот на управување и раководење на претпријатијата во Македонија. Меѓутоа, во овој извештај. Од тој аспект изостануваат многу важни показатели кои треба да ја дадат вистинската слика за приватизацијата во РМ , а тоа се податоците да речеме, колкав број од приватизираните претпријатија подоцна се отидени во стечај, никаде го нема тој податок , или од претпријатијата кои се трансформирани, колку работници ги изгубиле своите работни места. Затоа што тука се отвора едно многу важно прашање, затра што еден дел од претпријатијата кои се наоѓаа во тешка состојба им беше прогледано низ прсти . Во тие претпријатија беше направена свесно да речам таква проценка на капиталот за да не одат работниците на улица,

за да се обезбедат плати за нив поефтина цена беше одредена за нивната трансформација, меѓутоа, откако заврши трансформација новите газди на претпријатијата фактички ги отпуштија дел од пратениците и со тоа на некој начин државата беше двојно оштетена.

Прв пат беше оштетена, затоа што претпријатијата беа проценети пониско од колку што вредат, а вториот пат беше оштетена државата, затоа што дел од работниците мораа да одат во Заводот за вработување и оттаму да примаат надоместок за невработеност. Дури има многу интересни случаи на изигрување на Законот за приватизација Јас ќе спомнам само неколку од нив. Има едно претпријатие во Велес каде што пот притисок на директорскиот колегиум , а фама владее дека доколку не ги послушате директорите и не потпишете изјава дека им ги пренесувате сопствените акции на управување на вработените ви виси опасноста дека можете да бидете прогласени за технолошки вишок. Еден дел од работниците под таа закана свесно се нафатиле да бидат прогласени за технолошки вишок, со обврска средствата кои ќе им бидат доделени да ги вложат во интерната штедилница. При тоа државата е оштетена затоа што секој од тие работници државата преку бирото за вработување издвојува по 100 марки месечно, а работниците воопшто не се оштетени затоа што повторно примаат толку плата, колку што би примал до колку се сеуште регуларно вработени во тие претпријатија. Или проблемот со приватизацијата на скопското автотранспортно претпријатие "Пролетер", каде што Агенцијата си дозволила за право да даде согласност на статутот на претпријатието во кое јас лично го читав дека надзорниот одбор го избира Управниот одбор на претпријатието, а во Статутот се наведени кои се членови на Управниот одбор и директорот е претседател на Управниот одбор, каде што работниците кои не се согласиле да ги префрлат своите акции на директорот или добиле

решение со кое се прогласени за технолошки вишок или се префрлени по казна во Тетово на автобуската станица, за да сами се откажат од понатамошното работење во истата фирма. На интервенцијата на трудовата инспекција од општина Гази Баба, имам доказ и за тоа, забрането и е на трудовата инспекција да влезе во фабриката меѓутоа, грешката е направена затоа што не е побарана интервенција од МВР. Вакви има безброј примери во Македонија за вршење притисок од стра-. на на директорите на претпријатијата врз работниците дека до колку не ги дадат своите акции, или не го пренесат правото на управување не останат невработени. Ист е случајот и со фабриката која е во стечај "Гобленка" од Делчево, каде што замислете едно јавно претпријатие, ја зема истурената единица на тоа претпријатие во село Разловци, пренесувајќи ги разбоите од градот во истурената единица во Разловци и како јавно претпријатие продолжува да го ревитализира или да го отвори погонот на таа фабрика "Гобленка" од село Разловки Кочанско.

Во врска со констатациите кои се кажани во извештајот на Агенцијата, би сакал да ги дадам следните коментари. Најголемата одговорност за таквата состојба во приватизацијата се констатациите кои се кажани во Извештајот врз себе ги презема агенцијата на РМ а на индиректен начин и Владата на РМ, затоа што освен екстерниот фактор за политичката несигурност за инвестирање во РМ , сите интерни фактори кои се наброени, освен еден , се во директна зависност од активностите на Владата на РМ и на Агенцијата која е во надлежност на Владата на РМ. Би ги спомнал следните. Агенцијата како една од причините и минатата година и оваа година го наведува проблемот на незаокруженост на легислативата , односно недонесениот на сите закон-ски проекти кои се потребни да се одвива приватизацијата така како што треба да има многу' поголем прилив на странски инвестиции во нашата

земја. Јас би го поставил прашањето. Кој друг ако не Владата на РМ е виновна, затоа што овој Парламент ги нема донесено сите закони. Ако и лани сме го констатирале истото и сега го констатираме, веројатно ќе се констатира и следната година, тоа значи дека Владата сеуште нема стратегија, нема визија и не е способна да му предложи на овој Парламент да ги донесе сите потребни закони со кој ќе се влијае на стимулирање за странски инвестиции во РМ.

Вториот аргумент кој го набројува Агенцијата е недоволната правната заштита на сопственоста. Јас пред неколку дена кога зборував за законот за денационализација токму тој го спомнав, затоа што на тој начин , односно со таквата денационализација , како што е направивме ние со веќе донесениот закон за денационализација, очиглендо е дека странците не можат да делуваат во правната сигурност, односно правната заштита на сопственоста во РМ и заради тоа нема да бидат стимулирани да инвестираат во нашата држава, ако го гледаат примерот како овој Парламент и Влада се однесуваат спрема законот за денационализација. Или следниот аргумент, недоизградување на механизми и институции за привлекување на странски инвестиции во Република Македонија. Кој друг освен Владата на РМ и овој Парламент е надлежен за доизградба на механизми и институтиции кои позитивно ќе влијаат за привлекување на странски капитал во нашата земја или на втората постапка при регистрацијата на претпријатијата во судовите во Република Македонија. Единствено олеснителна околност за Владата на РМ и за Агенцијата е фактот кој е наброен во самиот извештај дека од страна менаџерските тимови во претпријатијата, постоеше одбивност кон привлекување на странски инвеститори, веројатно плашејќи се од конкуренцијата и плашејќи се од можноста да ги изгубат своите позиции и монополот кој го држат во своите претпријатија.

XI /7

Исто така јас би рекол дека никој не ја попречуваше досега Владата на РМ да предложи закон со кој и до сега ќе се отвореше процесот за трансформација на градежните задруги кои самата Агенција вели дека постојат во голем број и во кој се вработени значителен број на работници во нашата Република, а и околу слабостите на приватизацијата во Агрокомплексот, затоа што ги има сите информации и можеше навреме да предложи одредени корекции на Законот за трансформација на агроко-мплексот во РМ. Од сите овие наведени причини мислам дека очигледна е оценката дека Владата на РМ и Агенцијата врз себе ја преземаат одговорноста за ваквата состојба во процесот на приватизација во РМ. Од тие причини јас не сум спремен да дадам поддршка на таквиот извештај.

**ПАНЧО МИН0В:**

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници,

Анализирајќи ги основните податоци од Извештајот на Агенцијата за приватизација на претпријатијата во општествена сопственост неодминливо е констатирањето дека од предвидените 1216 претпријатија вкупно приватизирани се 1132 со доминантна форма на приватизација преку откуп од вработените. Она што е веднаш во корелација со овие податоци, тоа е постигнатиот износ на средства во Агенцијата од вака извршената приватизација, тука првата неповолна констатација, а тоа е дека од 235 милиони германски марки и тоа плаќањата се извршени само со штедните влогови заробени на граѓаните и со обврзници со кои управува преку Агенцијата за санација на банките и само 25 милиони средства кеш се платени во приватизацијата. Ова зборува за еден голем несразмер меѓу вкупниот капитал на сите претпријатија кои биле предмет на приватизацијата а тоа се вкупно 1216, со многу голем капитал на тие претпријатија, како општествени претпријатија, создаван 50 години, значи на така голем предмет на капитал за приватизирање од

овој спомнат број на претпријатија единствено, наведува на заклучок минималниот остварен прилив на средства од таквата приватизација, 235 милиони за констатација дека тој општествен капитал во спроведувањето на овој закон се има толку девалвирано и обезвреднето на штета на самите претпријатија, на штета на општествениот капитал, најмногу, како што кажа и колегата Коцевски, такви случаи има и во неколку пртпријатија од Кавадарци, кои што приватизација добар дел од работниците новите газди ги испуштија од работа, а претходно условувајќи ги за пренесување на управувачките права преку акциите да им се пренесе на нив. Ќе потенцирам дека овие неколку основни поими, кои се за мене пресудни во оценувањето за квалитетот и за успешноста од постигнатата приватизација, сметам дека не доловуваат убедување за позитивно заклучување на овој извештај. Самиот факт дека со доминантноста на формата откуп од вработените фактички се добива едно ново таканаречено мали акционери во овие приватизирани претпријатија, еден вид капиталистичко самоуправување, потоа очекувањето дека по оваа форма, што така голем број на акционери се јавија во процесот на приватизацијата, доведе до неминовно еден резултат а тоа е некој пробив на нова менаџерска позитивна енергија во управувањето, евидентно е дека скоро во сите приватизирани претпријатија, истиот управувачки и раководечки тимови структурално си останаа. И она што е најбитно а и што го кажав во претходниот момент тоа е покрај малиот прилив на средства вкупно 235 милиони од кои кажав само 2 5 милиони марки во кеш, замислете од сето тоа само 40 милиони се странски прилив, што инаку исто така беше при донесување на законот една од целите во приватизацијата на претпријатијата со општествена сопственост, да станат во исто време и атрактивни и за прилив на странски капитал. Како што стои во извештајот, тоа изнесува минимално 40 милиони германски марки. Мислам дека веќе се стереотипни и не држат објаснувањата дека отсуствува законска регулатива, која што ќе значи заштита на сопственоста од една страна.

XII/1.-СП/МЛ

**ПАНЧО МИНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Потоа, отсуствуваат мерки на атрактивност за прилив на странски капитал. Кога сите тие и инструменти и средства се наоѓаат баш во Владата на РМ и чиј јавен орган е самата Агенција осниваna од нив.

Сакам посебно да се осврнам на проблематиката на приватизацијата на агрокомплексот. Како што е наведено во Извештајот и како што реално се одвива приватизацијата на 350 претпријатија на агрокомплексот, покрај малите и средни претпријатија застаната е работата во големите земјоделски претпријатија, односно агрокомбинати. Застаната е работата не од тоа што, еден од претходните дискутанти кажа дека има потреба, имало доволно време до сега да се интервенира во законот за одредени измени и дополнувања. Не. Баш доследната примена на законот, специјалниот закон за трансформација на претпријатија кои вршат земјоделска дејност на земјоделско земјиште во неговиот член 7 каде се предвидува претпријатија кои се во процес на трансформација, а поседуваат сточарски фарми, винарски визби, лаборатории и слични институции заедно со одлуката и програмата за трансформација е задолжително нивно структурално организирање, односно нивно преструктуирање во организациона смисла.

Во Извештајот наведеното објаснување за причинителите за застој во оваа трансформација на претпријатијата од земјоделието таканаречени големи претпријатија агрокомбинати дека е од психолошки карактер, психолошки бариери постоеле и од страна на вработените и од страна на раководните структури за едно нивно такво преструктуирање или дека ете таа постојна организација како гломазни големи системи и од самото тоа секое преструктуирање, автоматизам влева во свеста бојазност дека само гломазни и големи системи можат да работат и успешно да функционираат, мислам дека нема аргументираност дека токму, а што е ќе ве потсетам во исто време и грешка во законот за што ние како ЛДП

своевремено реагиравме. Тоа е условеноста на преструктуирањето на големите земјоделски комбинати од согласноста на Министерството за земјоделие. Повторно сме за приватизација, но сепак во таа приватизација пак една гарантирана инстанца на надлежност на аминуваве, односно одобрување од страна на Министерството за земјоделство. По мои сознанија најголемиот причинител за застој во приватизацијата на агрокомбинатите во делот на нивната законска обврска за преструктуираше во рамките на преструктуирање е токму таа со закон предвидена инстанца согласност на тоа преструктуирање дава Министерството за земјоделие, каде исто така, а тоа не го спомнува предлагачот Агенцијата и Владата најверојатно исто така има кај раководните структури и кај вработените бојазност од психолошка бариера дека само како крупни системи агрокомбинатите можат да работат успешно најверојатно и во тие министерства и тој министер е оптоварен со самиот факт ако евентуално настане преструктуираше на агрокомбинатите, ќе настане и нив- но распаѓање.

Се залагам за отстранување и ослободување на пречките од државните органи, во конкретен случај од надлежното ресорно Министерство за земјоделие за вистинско и доследно спроведување на Законот на трансформација на земјоделските претпријатија, за комбинатитите, посебно во делот на членот 7 кој предвидува во приватизацијата и нивно преструктуирање. Дали како репроцелини, дали како трошковен систем на посебни организациони единици каде е јасен законот дека тие со закон се условени да се трансформираат како акционерски друштва.

Мислам дека, еве зборувајќи за мојата општина територијално Кавадарци каде функционира агрокомбинатот "Тиквеш" сметам дека само доследното преструктуирање на агрокомбинатот "Тиквеш" како репроцелини и како посебни организациони единици со посебен трошковен систем за кој за секој производен процес, за секоја организациона единица ќе се знае сметката на работењето и резултатот од работењето

е интерес и за вработените во агрокомбинатот "Тиквеш" и ова што посебно сакам да го нагласам и за индивидуалните земјоделци-граѓани кои се приватно бават со лозарство. Од аспект на тоа сега тие, бидејќи не е приватизиран агрокомбинатот "Тиквеш" на пример како општествено претпријатие изговор е да не можат да користат странски кредитни средства кои се издаваат под поповолни услови затоа што се сеуште неприватизирани, не се корисници на тоа. Во таков случај ако се при-приватизирани како репроцелини тие ќе бидат корисници на поволни странски кредитни средства. Во таков случај нема како 1997 година реколтат на грозјето да биде финансирана од комерцијални банки со 27-30% кама та. Сето тоа се одразуваше и десет години наназад на грбот на земјоделецот. Заложба е преку доследност на трансформацијата со преструктуирање на агрокомбинатите по принципот на репроцелини како приватизирани претпријатија со посебни доходовни интересни поврзувања во рамките на репропроцесот што условува да се има и поголеми погодности на пазарот и бидејќи се работи за агрокомбинати за кои е врзана егзистенцијата вршење земјоделска дејност на многу индивидуални земјоделци - граѓани во толку како корисници не можеа да се оправдаат. Ние даваме ниска откупна цена на грозјето затоа што комерцијалните банки не товарат со 30% камати. Во таков случај тие ќе бидат во можност да користат камати со поповолни услови и во таков случај ќе можат да даваат повисоки откупни цени на грозјето покрај другите мерки што ќе бидат во функција, но сега зборувајќи за приватизацијата тоа би бил прилогот од доследната примена на приватизацијата со преструктуирање во агрокомплексот.

Сакам да дадам мал осврт на програмата за повторно вработување што е посебно поместена во содржината на Извештајот и во таа насока сметам дека прво, намените од типот советувања за да се

XII/4.-

вработат луѓе, обука и квалификација да се вработат, да се консултираат пред да ги отпуштат да не ги отпуштеле како да се однесуваат, осовременување на заводите за вработување итн. во оваа програма за повторно вработување од шесте потпрограми најголем дел се експлоатираат не на намени кои значат јавна, точката што беше за заемот за енергетика зборував и таму намената на средствата како инвестиција за енергетика не за нови работни места и овде каде е програмата за повторно вработување доминираат намените кои не се директно за повторно вработување. Се зборува дека некои проекти 19 на број за повторно вработување се одобрени. Се зборува дека се одобрени помошти за мали стопанства, одобрени се некои таканаречени инкубатори, помошти за мали претпријатија и тн. Но, ќе поставам директно прашање до директорката на Агенцијата каде е јавноста во подобрувањето на кои општини им се доделуваат тие средства за таква помош за повторно вработување? Јас сум убеден ако постои општина поконкурентна од Кавадарци за конкурирање за повторно вработување од она што Кавадарци го има задесено со стечаите со статус вработени останаа невработени лица во две-три потпрограми се спомнуваат. Не сум против тие невработени да се вработат, тоа се Штип, Охрид, Скопје, Македонска Каменица и повторно во другиот потпрограм пак повторно Штип, Прилеп, Охрид, Македонска Каменица, Скопје, а се спомнуваат 35 општини.

Ако веќе се конкурира мое убедување е дека во такви општини во кои дебело и многу конкурентно ќе настапат за да добијат такви средства како помош за повторно вработување е и Кавадарци. Зошто во потпрограмите се повторуваат во три случаеви едни исти општини, а зборувате дека 35 општини се финансираат. Јас лично ве прашувам каде е во тие 35 општини Кавадарци и зошто фирми од Кавадарци не се финансирани за таква работа. Дали е тоа до тие заедници за вработување на кои им е пренесена таа работа, дали е не се способни

да издејствуваат просто намена на тие средства како помош да дојдат и во тие општини.

На крајот за националниот програм НЕПА. Мислам дека овие претходни забелешки важат и за НЕПА и тука многу од средствата мислам дека имаат намена не директно за формирање нови мали и средни претпријатија, туку има и други намени од типот на регионални стопански комори и слично, советување и тн. Условите кои ги нуди НЕПА, а беше многу очекувано дека токму НЕПА како владина национална агенција за помош на мали и средни претпријатија ќе понуди многу поволни услови атрактивни за добар дел на граѓани заинтересирани за мал бизнис преку тоа искористување на средства да остварат само вработување сопствено и на некој член од фамилијата. Повторно НЕПА доделува услови на кредитирање од 13% камата што е ненормално за било каков мал бизнис кој е или во основање или треба да се поттикне тој што функционира.

Од друга страна по кои критериуми во тие намени на средства е исклучено земјоделието. Имам сознанија дека во Кавадарци неколку граѓани кои дошле до тие ваши консултанти штом се спомне земјоделие или сточарство, а не ние не сме за таа работа. Па мали и средни претпријатија можат да се формираат и во земјоделие и во сточарство. Има земјоделски општини каква што е Кавадарци каде има погодности токму вработуваше што ви е една од целите на НЕПА да се оствари во рамките на земјоделието. Ако го немате тоа сознание јас ви пренесувам дека вашите консултанти одговараа дека во земјоделие и сточарство нема намена од средствата на НЕПА, а вика основната намена е за мали и средни претпријатија, па мали и средни претпријатија во земјоделие и сточарство исто може.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика за господинот Темелковски.

XII/6.-

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пред да го искажам својот став за Извештајот би сакал да се осврнам на моите ценети претходни дискутанти и да укажам на некои нивни недоследности и непринципиелности. Нема да кажам дали се тоа од нивно незнаење или знаење, тоа ќе си го задржат сами за себе, бидејќи овде денеска имаме Извештај за трансформација на претпријатија со општествен капитал, а не како што еден претходен дискутант кажа и на приватните претпријатија кои се регистрираат со Законот за приватни претпријатија и затоа сметам дека беше неумесно искажано од дискутантот дека некакви уличари сега станаа газди. Сметам дека тој не сметаше веројатно на оние интереси кои ги застапуваше на претходната седница кога беше расправата за енергетиката, за нафтата, дека и тој директор го сврста во копуци, бидејќи приватизацијата е точно во тие организации кои поседуваа општествен капитал, а овие што се регистрираат со сопствен капитал од 1000 ДМ и успеаја со сопствен труд во оваа транзиција да изградат свој капитал. тоа е веќе друга дискусија и друг предмет на дискусија и можеме да закажеме наредна седница.

Ова ме поттикна да кажам и да образложам исто така дека овие исти дискутанти веројатно имаат кратко памтење и сакаат да продаваат социолошка демагогија од минатото дека од истите бизнис групи кои ги застапуваа на минатата седница со нивните гласови го донесовме овој Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и заборавија тогаш дека исто вакви огорчени дискусии водеа до оној момент до моментот додека не убедија сите нас како пратеници да ја признаеме приватизацијата по стариот Закон на Анте Марковиќ. Во истиот момент овие пратеници се согласија, тогаш беа во состав на Сојузот, сега се во опозиција и дискутираат како опозиционери, се согласија да оди Законот за приватизација, бидејќи се задоволија интересите на тога-

шните лоби групи, веројатно и сегашните. Затоа јас сметам должен сум како еден од претприемачите кои длабоко ги ценам оние господине кои ги навредивте дека се копуци, дека тие најодговорно го понесоа товарот цели седум години и испеаја да ги задржат онолку колку што успеаја да вработат 200 илјади работници да земаат личен доход. Ако го имаа вашиот резон веројатно и тие 200 илјади ќе беа надвор на улица.

Велите, кога ќе дојдете на власт, ќе правите контрола. Јас се сомневам прво дека ќе дојдете на власт, бидејќи не знаете што да понудите на вашите избирачи и немате цврсти ставови. Ако пред една седница ги штитевте интересите на претприемачите и на тие интереси на одредени групи моќни кои на оваа држава се еден репрезент како на домашната така и надворешната европска сцена на стопанството, веројатно нема што да понудите, бидејќи немате цврсти ставови.

Јас исто така се прашувам и го упатувам до вас прашањето господнине Коцевски дали вие кога ќе правите контрола ќе правите се-елективна контрола и ќе ги иземете вашите партиски групи за кои се залагавте минатата седница по Законот за нафта, нафтени производи и да не,споменувам не ми е многу својствено да ги именувам тие фирми и да ги спомнувам овде, бидејќи сметам дека СДС никогаш немаше таков селективен пристап и одговорно тврдам дека СДС во приватизацијата го понесе големиот товар, ги зема врз себе само загубарите, а ако бог-летнеме кој се приватизира и кај оти"е капиталот кој вие сигурно знае- те преку вашиот министер за стопанство колку преземавме обврски преку тие 25 загубари. Каде припаѓаат тие менаџерски тимови, на чија страна се поблиски,овој народ тоа го знае, го гледа. Вие не можете да кажете дека се збогати во Злетово или Ораница, или Југохром директорот со приватизација од 1,6, но јас можам да ви набројам една плејада од фи-

рими овде кои се блиски до вас, но тоа ништо не значи како стопанственик кога дискутирам, бидејќи го ценам и нивното вложување и труд кој се вградил во овој процес на транзиција. Затоа не ми е својствено и не би сакал од овде од говорницата да слушам демагогија, да слушам нешто што е страно за стопанството. Сите вие кои дискутиравте овде немате ни толку политички стаж во Парламентот колку што јас имам во стопанството и би било добро кога од кај вас би станале стопанственици од типот на Панче Насев, на Санде Давчев, па да водиме рамноправна полемика. Инаку, ова за мене е етикетирање. Исто вие спомнавте еден ваш дискутант дека му наликува на самоуправување. Тоа не е далечен поим самоуправување, бидејќи вие сте блиску до оној принцип што го предлагаше вашиот сегашен партнер Демократската партија ваучеризмот, тоа е нешто што можете да го ставите во равенство, така што не сте далеку во размислувањето, а Социјалдемократскиот сојуз влезе со овој закон, стои зад овој закон и гледа како да го реши овој проблем кој настана и затоа секогаш имаме принципиелност во дискусиите и кога ги застапуваме ставовите принципиелно ги застапуваме, никогаш лобистички не настапуваме и затоа граѓанинот знае да цени. Затоа бев изненаден што имаме 6-7 пратеници во Битола, тоа изненадува, бидејќи нема повеќе продавање магла, многу пати ви го кажав тоа од оваа говорница, граѓанинот сака да рече кога ќе излезе Аце Коцевски за својот политички мандат од седум години за колку работници водел грижа барем да се 30, а Зоре Темелковски ќе каже за 70 во производство и 30 во трговија, па ќе бидам осудуван дали тие добро земаат плата, но ќе знае да цени дека водам сметка за 100 работника и дајте да прекинеме со такви изрази овде на говорницата тупуци, затоа што се тоа ваши колеги, блиски до вас и немојте да етикетираме нешто што не држи.

XII/9.-

Јас знам дека половина од вас е веќе сконцентрирам како да најде начин да влезе во мојот џеб да ме праша нешто јавно од овде каде е мојот капитал, но ако отвориме полемика и за тоа сум подготвен да разговарам. Спремен сум на дневен ред овде да ви отворам дискусија кога сакате за приватизација, за грабеж, за се што сакате повелете овде.

XIII/1 НН/ЦТ

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ** (продолжение)

Овде со едно културно и култивизирано излагање. Немојте, да разграничиме малку, да ги навратувате луѓето од стопанството. Немојте како дошле до капиталот и што. Јас можам да ги извадам и стенограмите кога овде кажав јавно господо, јас тогаш бев само регистриран како фирма а тогаш се вршеше приватизација на општествениот капитал. Јас кажав ние даваме свесно или несвесно на некој директор кој по случајноста на нештата таму е директор да може да располага со тој капитал и ви укажав на сите овие аномалии. Проверете и можеме да ја продолжиме таа дискусија. Јас исто така се согласувам со вас дека ова не е права приватизација. Затоа Владата сега го подготвува и предлогот за промена на членот. Правата приватизација ќе дојде кога акциите, за ова што вие претходно дискутиравте ќе може да се продаваат на берзата од хартии од вредности. Тогаш е правата приватизација. Тогаш ќе почне да циркулира менаџментот, да циркулираат и овие кои што немаат право да напаѓаат на сегашните менаџерски тимови, но бидејќи овие се заштитија со посебен закон, за кој вие гласавте, повторно ќе ви се обратам, и вие гласавте, заеднички гласавме. Јас бев еден од тие најострите дискутанти тогаш, затоа што бев на страната на оние кои што нема да учествуваат во приватизацијата на општествениот капитал. Нема, затоа што бев приватно регистриран уште од времето на Анте Марковиќ. Не бев во Алумина и го изгубив своето право од Алумина, каде што сум провел 6- 7 години да имам барем една акција. Луѓето кои што се затекнаа таму сега

се водечки менаџери. Затоа јас сугерирам и сакам навистина еден коректен однос, бидејќи сите ние сме во еден мал простор на оваа држава и сите сме испреплетени во блискоста и не треба да ги навредуваме дали топуци или слично. Веројатно тоа е направено од незнаење, се обраќаме на некоја друга група што постојано не е добро и нив да ги вреѓаат шлепери и слично. И они живеат, опстануваат. Дали успеале да спечалат или не, државата има свои институции, дајте нека работат слободно тие институции. Дајте она минато време да го заборавиме со притисок на печат, или со етикетирање на разни луѓе. Дајте тоа нека биде нешто минато, нека биде нешто посветло. Зарем не сте свесни дека во овој момент се ова што ние го правиме го верификува и Европа и оние дипломати кои што седат овде во Македонија. Веројатно нема да кажете дека се малоумни тие од Америка, кои што ни кажуваат дека ова е единствена држава од земјите на Источна Европа. После, еве слушам дека кажувате дека има слабо влез на капитал во државата. Па како, само пред половина час дискутиравте за 60 милиони германски марки во електростопанството и оспорувате, а викате од друга страна дека немаме влез на странски капитал. Па, како да влезе тој капитал кога ние однапред имаме предрасуди, однапред имаме некоја балканска предрасуда дека се тоа се става во функција на поединци, во функција на некоја владејачка партија. Јас одговорно тврдам, како припадник на СДС дека ако некој понел товар тоа е СДС. Во оваа ситуација најчисти политички се луѓето во СДС бидејќи погледајте во Македонија никаде не учествуваат во приватизацијата.

Го задржувам правото за дискусија по Извештајот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сега ми кажаа дека било реплика, а таа трае по деловникот 5 минути.

Реплика за господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Темелковски што ми даде можност повторно да излезам на говорница, само се мислам дали тој се препозна во мојата дискусија и си ја има мувата на капата, или е најрепрезентативен пратеник од СДС кој се одлучи да полемизира со тоа што јас го зборував. Заклучете сами дали е вистина првото или второто. Би сакал да одговорам на следните работи.

Што се однесува до тоа како работев и кои луѓе од бизнисот се во Либерално-демократската партија можам да кажам како член на раководството на Либерално-демократската партија и нејзин пратеник дека сум многу горд поради фактот што во мојата партија членуваат многу бизнисмени кои се успешни во својот бизнис и кои на свој начин придонесуваат за зголемување на рејтингот и угледот на Партијата меѓу граѓаните на Република Македонија и длабоко Ве уверувам доколку власта односно инспекциските органи имаа и најмали елементи за нечесни работи во нивниот бизнис досега веројатно ќе се најдеа или зад решетки, или ќе ги имаа многу почесто финансиски контроли, како што ги имаат сега.

Во врска со изразот копуци, не ме следел доволно и добро г-динот цитирав каква квалификација употребија одбор на едно влијателно неделно гласило во коментар на страниците на тоа списание, да не му го

спомнувам името. Меѓутоа, јас се согласувам со неговата констатација и затоа ја употребив. Таа не беше кажана навредливо за бизнисмените во Република Македонија глобално, туку беше кажана за оние бизнисмени кои преку ноќ благодарение на добрите врски со полицијата и царината успеаа за многу кратко време да спечалат толку многу пари и да унапредуваат во својот бизнис, време за кое на странските бизнисмени им е потребно децении, а не со години. Тука би Ве потсетил на случувањата во Македонија и на валканиот бизнис кој се одвиваше преку границата за време на ембаргото со Србија. Факт е дека од сето тоа изгуби Македонија најмногу, меѓутоа одредени поединци многу добро профитираа и се знае отприлика кои се тие поединци, како што се знае во јавноста и за многу работи што се случуваат на пример во врска со увоз на шеќер ко бајаги за репроматеријал или за реекспорт, а се продава на пазарот во Република Македонија. Или, ако сакате случајот со Вас како го купивте Скопски Лозар и за колку беше проценет иако од говорницата сакате да се претставите себе си дека сте имале приватна фирма и не сте го користеле Законот за приватизација. Вие купивте претпријатие според овој закон, така да вистината е таа.

Што се однесува до Макпетрол би сакал да знаете дека Макпетрол таков каков што е успева сеуште благодарение на доброто управување и раководење на своите вработени да им обезбеди месечна плата од најмалку 20,000 денари, за разлика од Вашата фирма, не Ви се мешам во бизнисот и други фирми кои не успеваат ни по 5.000 денари месечна плата да обезбедат.

Околу обвинувањето зошто така дискутираат дел од пратениците за кредитот кој претходно беше наменет за Електростопанство, жал ми е што не сте во состојба да правите разлика околу премногу важни работи, помеѓу тоа што значат директни странски инвестиции во бизнисот во Македонија, посебно во приватизацијата, за што разговараме денес и

средства кои по пат на кредити се земаат во Република Македонија воглавно за инфраструктурни објекти. Во тоа е суштинската разлика помеѓу вашиот пристап и нашиот пристап.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Трпеновски.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Мора да се потсетиме на времето кога го носевме Законот за трансформација на општествениот капитал и дека главниот мотив на сите беше дека ќе бидеме уживатели на една благосостојба. Ние тогаш, кога го донесовме Законот за трансформација на општествениот капитал имавме 22% невработени во Република Македонија. Исто така во членот 30 од Уставот кажавме дека сопственоста е врвна вредност и дека од сопственоста многу ќе зависат резултатите во работењето. Меѓутоа, се виде дека сопственоста е многу важна, но дека сопственоста не значи се. Дека треба и нешто друго. Мислам дека човечки е кога го имаме овој извештај да го видиме епилогот на трансформацијата на општествениот капитал се разбира критички и добронамерно и со цел да ги видиме и причините што се за тоа, за да ги отстраниме.

Прво, епилогот е 36% невработеност, зависи по која формула се работи, но званичните податоци за економските движења во стопанството сега се актуелни со оваа бројка, 36% невработени. Има и попесимистички варијанти, меѓутоа ова е званична, или 260.000 невработени. И тоа е точно.

XIII/ 6

Второ, имаме трговски дефицит од 500 милиони долари. Што тоа значи? Тоа значи дека трансформираните стопански субјекти или менаџерските тимови или немаат услови или немаат идеја да произведуваат толкави услуги за извоз односно дека е зголемен увозот на производи и репроматеријали во Република Македонија. Односно дека заостанува извозот.

Трето, точна е констатацијата дека во Република Македонија постои внатрешен долг 400 милиони марки така што трансформираните стопански субјекти и сите стопански субјекти не можат да си ги подмират должничко доверителните односи. И тоа е една од причините што делува Законот за стечај и секоја година имаме продукција на стечајни работници.

Ова се последиците. Сега кои се и причините.

Една од причините е што приватизацијата не е решението кое што само по себе дава решение. Значи нема структурни промени во трансформираните стопански субјекти во насока на развој на менаџерските тимови. Тимови кои што ќе делуваат во сферата на економијата трансфеционално а не да гледаат со очите кон политичкиот фактор и од тука да бараат помош за решавање на стопанските проблеми во стопанските субјекти.

Второ, точно е тоа дека мала е количината на средства на пари за директни инвестиции. Беше спомната сумата од 69 до 45 милијарди долари. Причината за тоа исто така е позната. Ние целиот период па и со Законот за денационализација уште не го уредивме прашањето со градежното земјиште.

Јас се сеќавам во Охрид еден претставник од Европската заедница кажа дека во Македонија мора да се створат услови за влез на директни инвестиции со решавањето на прашањето од областа на градежното земјиште. Како што гледаме и со Законот за денационализација е изоставено да се понуди едно адекватно решение.

Исто така, го донесовме самите Законот за трговските друштва и зошто да не признаеме дека никој не се сетивме на членот 290 дека не дозволува странци да можат да купуваат акции во Република Македонија. Тоа е грешка на сите.

Потоа, каматната политика во Република Македонија остана таква каква што беше, негибната сфера. Значи мораш на крајот на годината ако земеш кредит да платиш некаде 22 - 23 - 24% повеќе пари отколку што си зел. Состојбата е таква што некаде вредноста на долговите на стопанските субјекти се 15% поголеми отколку капиталот со кој располагаат. Оттука и со Законот за трансформација на банки се родија така неспособни да си ги измират своите обврски.

Четврто, Народната банка на Македонија долго се бавеше да изнајде модел како каматната политика да ја дотера преку депозитите на банки кои што ги поседува, меѓутоа сеуште решенијата се стерилни.

Исто така една од причините е и немањето на пазар на пари. Сега се надеваме дека низ изведбата на сите овие трансформациски процеси за трансформација на банките, трансформација на 25 загубари и тн. дека се створа еден одреден капитал со кој што може да профункционира пазарот на пари, меѓутоа мора да се јави една загриженост и за тоа под каква вредност ќе се продаде тој капитал

Се поставува, исто така како едно од причините и режимот на ЛБ-7. Ако земеме правилно да дискутираме за тој режим тој дозволува одредени стопански субјекти, одредени контингенти на репроматеријали и стока да ги внесуваат, но не секогаш слободно, меѓутоа со дозвола од Министерството за стопанство. Ако анализираме што тоа произведува на пазарот, тоа се сепак нафтата, тутунот, тие субјекти се бенифицирани на пазарот, или се монополизирани. Ние сеуште немаме закон за пазар на монополи.

Сега да видиме каков е пазарот.

Тоа е секториран пазар, тоа не е слободен пазар. Тоа е пазар каде што има и бенифицирани субјекти. Тоа е состојбата, дали ќе ја измениме или не, тоа е прашање на политички конвенции, согласност на тие што ги донесуваат ваквите политички одлуки.

Сега клучно се поставува прашањето дали во Македонија делува пазар, дали имаме пазарна економија, во каква состојба се наоѓаме или на сцена стапува буџетската држава. Мора да признаеме дека пазарот е неразвиен, а дека буџетската држава сеуште дејствува и има фискални вработувања, имаме фискални дисконти. Тоа се се аргументи. Целите се добронамерни, трансформацијата мора да се насочува, мора да се ствара амбиент да дојде до полн израз самостојноста на лицата, на стопанските субјекти за да може да живее и другата сфера. Ние знаеме дека некаде 388 стопански субјекти се во државниот сектор и тие не се приватизирани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Абди Фаик:

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Прво да кажам дека јас прв го спомнав терминот, за беља, копуци, па да не мисли дека мислев на Вас или мислев на тие богати. Мислев на сиромаштијата. Отсекогаш постоело, сиромашни луѓе и ќе постојат. Најнормално. Па скала, некогаш некој богат ќе падне долу со главата, па некој ќе се дигне итн. Тоа е кружно движење. Тоа е тоа.

Би сакал по оваа материја да кажам одредени работи. Би сакал да Ве потсетам Вас и па и сите оние кои ја следат оваа седница дека едно време, не само јас туку и други зборуваа овде дека, да се помине од еден во друг систем треба, ги нареков јас тогаш така, бабачковци. Бабачковци кои ќе знаат како да ја изведат оваа земја, оваа "толку многу развиена", да не речам салдо нула, земја на крај затоа што сите што не опкружуваат сакаат по нешто да дрпнат тука. Па дури и во Австралија, таму слушнав, Српска обнова, Вардарска Бановина итн. Но тоа да го заборавиме и тие заборавија сигурно станавме добри пријатели, и понатаму ќе бидеме пријатели. Тоа е добро. Иако се сеќавате овде имаше една партија што можеше сама да формира влада, го вратија мандатот, не формира влада. Па друга партија се зафати да формира влада, па човекот кој беше мандатар или мандатор, дваесеттиот ден го врати мандатот и се најдоа други луѓе кои го понесоа товарот на својот грб.

Јас знам дека и во Социјалистичката партија има добри стопанственици, во Либералната има уште подобри стопанственици, јаки стопанство, ние сме добри пријатели. Меѓутоа, исто така знам дека во сегашнава Влада има богами бабачко министри, како што минатиот пат реков бркајлии, мустаклии, од најдобрите работни организации, акционерски друштва. Најдобрите, најпечените, тука се. И што е, да не незнаат како да ја водат оваа држава?

Сега, да се разбереме. Има месо, има и коски. Кажете ми Вие, било кој од вас каде, во која земја, во нашата близина, да речеме Балкански, Прибалкански земји и подалеку малку, ако имаго некаде таква спроведувана приватизација без ни една грешка, без некои, не сметајќи го за незнам што, станал добар стопанственик. Неговото производство профитабилно, односно умот му бил прифитабилен. Не спиел, како што покојниот претседател Тито на некој Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина рекол "Па, људи не спавају". Па и тие не спиеле, направиле. Ајде де, некој нека не спие, нека направи. Но, некој не е способен тоа да го направи. Секој не може да се врти за милион степени, за 360 степени.

Тоа значи се бара голема флексибилност, се бара голем ум, се бара вклопување во сите нешта, во сите законитости итн.

И, ако овде деновиве расправаме за најважните материи без кои не е можен преод од тој самоуправен систем за кој овде зборуваа малку сега колегите наши во капитализам, да речеме трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, па Законот за денационализацијата, за арондација, комасација итн, тоа се работи без кои не е можна промена на

сопственоста, промена на сопственичките односи. Тука да очекуваме дека се ќе биде добро? Ма, јок. Некој ќе умре, реков, бог да чува, ете да чукнам. Тоа значи дека морало да има такво нешто за да се жалат луѓето.

Е сега, сигурно е тоа дека се створи една армија од невработени. Е, па, видете, да се разбереме господо пратеници, бидејќи ми лежи оваа материја, директно работам со неа, ако оваа машина е технолошки, таа издржува 4-5 работници капиталистот кај кого оваа ситуација се случила да речеме пред 100-120 -130 години со мафија италијанска, не знам каква итн., итн, ако има Италијани овде нека ме извинат, мислам на она што било порано. Е сега тој период го поминавме, сепак има нешто, пак се појавува. Кај вие барате во оваа нашата, 5-6 години, да биде се во ред, заради тоа што едно време некоја техника, технолошки од Запад сме ја купиле оваа машина, наместо 5, капиталистот со 4,5 а ние со 55 тука, на таа мала машина, затоа што има мои 5, па ваши 5, па на оној 5, е,е,е,е. Сега, превработеност. Па,превработеност. Голема цена на чинење. Нема.

Амортизација - подјадена. Еве, најискрено тврдам, одредени податоци од нашите одговорни куќи каде што дававме едно време извештаи за остварено производство, за остварена реализација, количини, за се, се, се, што се случуваше, јас имам податоци ама нејќум да ги кажам. Не ги кажувам заради тоа што ќе се навредат тие. Јас да ги соберам сите од фабрика Комуна. Ако ние, ова ни е производ, оваа чаша - производ, цела фабрика индекс 100, потрошените средства да ги тргнеме и амортизацијата да ја тргнеме и нето личниот дохот без придонеси, она што ставаме во џеб, што ни останува понатаму. Даноци и придонесе од доход, од личен доход итн, акомулација. Нема ништо. И амортизацијата ја изедовме. Нема значи, ние сме сиромашни. Е сега, простете ми на ова, дали сме тука повеќе сиромашни или воопшто

сиромашни, тоа е друга работа. Меѓутоа, системов ќе не натера да ги разбудиме силите, да се разбудиме и ние и сите сили да ги разбудиме. И, сигурно, по тој демократски пат ќе дојдат нови демократи, кои ќе можат да се надминат себеси, она "гладно око" да бидат како Касандра и Ранду, да не се богатат многу. Тоа, самото по себе да дојде.

Ова време е такво. Затоа, јас многу свесно изјавувам овде и кажувам дека сум многу свесен за се што се прави освен да се најде некоја можност да може да се продадат акциите. Тоа е тој член 290.

Извештајот го прифаќам и мислам дека се ова што се случува во Република Македонија е нормално. И, не само кај нас. Одете во Русија, бетер е. Одете во Бугарија, исто така. Во Романија, исто така, иако се фали некој таму. Унгарија, сум бил таму, ме испрати претседателот, да, да претседателот ме испрати таму, бетер. Триста пати побетер. Ние за нив важиме како некоја развиена, како некоја, не знам, многу добра, иако по улици одат луѓе без пари, куповната моќ за никаде, нема што да се продаде. Нема што да се продаде заради тоа што нема што да се купи. Нема пара. Куповната моќ намалена. Да се надеваме дека за неколку години ќе успееме во нашиот потфат.

А, вака интерно, кај нас овде во Парламентот, она што се пренесува во целиот свет што се критикуваме, сигурно новите избори ќе покажат кој колку вреди. И, кога Ќе дојдат нови свежи сили, свежа крв што се вели во економијата, сигурно состојбите ќе се изменат малку. Меѓутоа, да ви кажам право многу не верувам дека ќе биде кој знае што. Поради тоа што треба да помине време.

XIV/5

Еден таксиста ме праша:

- Господин Абди, си бил заедно со татко, со мајка?

- Добро, сум бил.

- Кога се делише, така ми рече, имаше куќа?

- Не, бе.

- Правеше куќа?

- Правев.

- Имаше се внатре?

- Ништо немав.

- Земаше кредити?

- По, земав кредити.

- Со триста бељи? -Да-

Па и ние сме на оваа држава. Што мисли ова за пет години, за шест години ќе биде. Има време.

Ви благодарам многу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада и на Агенцијата,

Извештајот на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен калитал за 1997 година што денеска го разгледуваме содржи сеопфатни и исцрпни податоци од кои можеме да добиеме комплетна

информација за работата и користењето на средства. Затоа го поддржувам неговото донесување.

Ќе го искористам разгледувањето на Извештајот да подвлечам неколку моменти од процесот на приватизацијата што е, ми се чини, најзначаен процес што се одвива сега во државата.

Прво, од Извештајот можеме најопшто да заклучиме дека од 1216 претпријатија колку се предмет на приватизација, дека 1132 се приватизирани, односно 93% од приватизацијата е завршена. Значи, овој процес е во завршна фаза.

Втор момент што би сака да го одвојам е дека повеќе од 70% од приходите во државата генерираат од приватниот сектор. Дека повеќе од 60% од вработените се во приватен сектор. Дека повеќе од 80% од добивката е во општествениот сектор. Значи, во иднина овој сектор ќе ја одигра судбината на стопанскиот развој на земјата и ќе биде генератор на реформските процеси.

Од овие податоци може да се види дека сепак постојат големи резерви 30-40% во најмала мерка резерви во тој приватен сектор што мора да се искористи во иднина.

Ќе подвлечам некои работи, нема да додадам ништо ново, меѓутоа ќе подвлечам неколку работи од двата основни документи макроекономската политика и Национапната стратегија за економски развој на Република Македонија, што ние како пратеници сме должни, како членови на комисии, членови на партии ни е должност да потсетиме на некои работи што мора да се спроведуваат што сме ги зацртале во овие два значајни документи.

XIV/7

Од Националната стратегија би ја издвоил и повлекол идејата за доминантен странски сопственик во претпријатијата. Тоа, речено е во стратегијата, јас сум лично убеден во таа работа дека разгранета сопственичка структура е добра работа и ние направивме таква разгранета сопственичка структура во претпријатијата во голем дел, со нашата приватизација, но таа мора да има мерка и треба да биде до 50% од приватизацијата. Нагоре од 50% мислам дека не треба да има разгранета структура, туку треба да се бара доминантен стратешки сопственик.

Мислам дека периодот што ни следува, и Агенцијата и Владата треба да обрнат повеќе внимание претпријатијата успешно да функционираат, за што мора да обезбедат стратеш-

ки доминантен сопственик. На тоа мора да се посвети посебно внимание и тоа, сепак со странски капитал, бидејќи домашниот капитал отсуствува.

Од Макроекономската политика за 1998 година би сакал да спомнам некои работи што треба да се спроведат ако сакаме да биде успешно довршувањето на приватизацијата и постприватизациониот период.

Во Макроекономската политика е подвлечено да се изврши ревидирање на постапката за регистрација на сопственичките и статусните промени. Тоа е многу важен елемент, бидејќи ако некој странец дојде и купи капитал во нашата земја, мора да го регистрира. Доколку не го регистрира, не го владее. Ако таа регистрација е бавна, значи тој доста ќе изгуби, може доста да се измени од тоа претпријатие што го купил и затоа има малку одбојност кај странските фирми ако иде споро регистрацијата, тој ќе се мисли тапи би купил.

Би спомнал друг елемент во Макроекономската политика за 1998 година е предвидено поголем дел од акциите на Агенцијата да се стават на берза, дека ќе се следи понудата да биде со побарувачката и дека ќе ја согледа можноста за намалување на цените на акциите.

До сега неоправдано се држеа акциите со висока цена. Комисијата за развој еднаш ја посети Агенцијата, забележавме, се уверивме дека, додека некои акции на берзата котираат со 10% од номиналната вредност, тие се држат со 60%, Агенцијата немаше право, таков став зазела да не ги симнува повеќе од 60%. Тоа не се совпаѓа со пазарот и многу ќе го задржиме процесот на приватизација ако едноставно не се осмелиме тоа да го оставиме да го регулира пазарот, а не ние да ја определуваме цената на акциите. За тоа имаме берза, ќе каже која е правата вредност, но ние треба да имаме храброст во таа работа. Тука нема политика, иако некој политички партии на оваа работа реагираат како на политика. Меѓутоа, мислам дека тоа е чисто пазарен елемент. Има берза, акциите одат на берза, цената ќе ја определи понудата и побарувачката.

За стечајните постапки предвидено е и треба да се преземат одредени мерки. Би ја спомнал неопходноста од заживување на законот што дава можност фирмите оптоварени со деловни средства, ако се ослободат од тоа и да направат подобро приватизирање со тоа. Време е за повеќе внимание и ефекти од продажбата на државниот капитал.

Би укажал и на појавата Агенцијата да ги задржува фирмите од кои поседува акции со пресметки за дивиденда, иако фирмите не издвоиле за таква намена. Така, Агенцијата, капиталот што го поседува кај претпријатијата пресметува 2% дивиденда, а по некои пресметки таквата

пресметана дивиденда е поголема од вкупните добивки прикажани во фирмите. Мислам дека тоа е нереално.

Таквата појата Агенцијата мора да ја преиспита, бидејќи, според мене го враќа процесот на приватизацијата назад. Ако нема добивка, а се знае дека дивидендата произлегува од добивка, не може да измислиме ние добивка со тоа што ние ќе пресметаме 2% дивиденда да ни плати. Значи, можеме само да ја задолжиме организацијата и поново да ја поддржавиме или поопштествиме. Мислам дека со тоа се враќа процесот и не знам дали има добра законска основа за тоа.

Со почитување на веќе зацртаните мерки во државните документи за процесот на приватизацијата Извештајот дава целосна слика за работењето и користењето на средствата и пратеничката група на Социјалистичката партија го поддржува неговото усвојување.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ване Наумовски.

XV/1 ПЈ/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер и почитуван претставник на Агенцијата, дозволете ми неколку збора во врска со извештајот кој денес е на дневен ред, а по мое сеќавање некаде трет или четврт во овој мандат на нас како пратеници и веднаш сакам да кажам дека процесот на приватизација односно трансформација во моментот кога го носел стариот Парламент, имам чувство дека никој не се занесувал дека ќе биде лесно, едноставно и дека така глатко ќе се помине. Затоа, апсолутно не ги поддржувам оние квалификации и констатации кои беа изнесени од одредени колеги од опозицијата. Затоа што бројките изнесени во овој извештај за разлика од оној од пред две или три години, што беше на две-три страни изнесен, јасно кажуваат дека нешто во овој процес во државата во позитивна смисла се случува. Но, тоа е начин на комуницираше и кој како сака да ги прикаже податоците кои се изнесени во самиот извештај. Јас се сеќавам на еден податок од 1995 кога влеговме во Парламентот порастот на индустриското производство во нашата држава беше негативен или до нула. Тогаш Владата се заложуваше дека тој процент ќе оди во позитива Перманентно од 1996 и 1997 година, а и овие месеци од 1998 година јасно кажуваат дека нешто во државата се случува. Ако процентот на порастот на производството кажува нешто, тоа е факт дека производството и во сопственоста нешто се случувало. Податоците што се изнесени во табелите тоа го кажуваат. Бројката од 90% трансформирани како процент како што изнесе пред мене колегата јасно кажува дека во сверата на овој дел нешто се случувало. Процентот на вработените на вработените од 62,4 со шест месеци 1997 година јасно

кажува дека грото на вработените,и таа бројка некаде околу 120 илјади вработени кои работат во трансформирани фирми.

Е сега се поставува или се постави како прашање моделот. Моделот го одбираа вработените. Државата, односно законот понуди 5. Тие беа тие кои го одбраа. Дали тоа ќе биде откуп на сите вработени, дали менаџерскиот клуб, дали тоа ќе оди по другите три модели. 800 и нешто фирми се над, со над 51% трансформирани по модел на откуп на сите вработени. И тука неможе некој тоа да го оспори или да го оквалификува како приватно самоуправање како што рече една другарка.

Е сега да ја прокоментираме и бројката што беше изнесена во однос на сумата што е платена за приватизацијата. Она во кешот или она бројка од 35 милиони марки. Но се заборавaат и други бројки кои овој процес го пратеа а Законот го дозволуваше. Тоа се акциите со кои Агенцијата располага. Тоа се околу 400 милиони марки.

Втора бројка или втор податок 15% приоритетни акции на пензиско и инвалидско. Тоа се 230 милиони марки.

Трета бројка тоа е со акции со кои располага Агенцијата на санација на банки тоа се 261 милион марки. Значи едноставно. И уште ова да го спомнам. Една милијарда дојч марки трансформирани по Законот за загубари кој го донесовме овде. Значи едноставно точно е моделот е платен на приватизација но и дел на овие акции и средства кои се трансформирани се дел од тој модел. Не завлегуваме ние во концептот кој како држава. Знаеме дека во овој Парламент други опции се залагаа за друг концепт. Тоа беше ваучерскиот систем или нешто комбиниран. Но, Парламентот го донесе овој модел и тој го спроведуваме понатака. Од едноставна причина зошто немаме модел во светот каде што ќе можеме да се огледаме. Да се огледаме како изгледа

најперфектно спроведена приватизација. Таков нема. Ако некој го има нека го покаже и нека го докаже на оваа говорница.

Сакам да го потенцирам посебно Законот за загубари. И на него се гледаше со одредена скепса кога се носеше. Но што се случува фактички сега. Од сите оние 23 односно 25 загубари се формираа 150 друштва, од кои над 100 се трансформирани и успешно работат. Само 10 се во фаза на стечај и нивна до трансформација и други 22 се во постапка. Едноставно јас можам ова да го потврдам како пример бидејќи се изнесени како примери како негативни и како позитивни примери во средината од кај што доаѓам. Имаме две фирми кои што произлегоа и беа под удар на тој закон во склоп на Железара, "Тане Цалески" од Кичево кој што успешно се трансформира и ден денеска успешно работат согласно овој закон и оваа програма која ја донесе Владата.

За странските инвестиции, беше спомнат површно некако интелегентно да се избегнат политичкиот фактор. А сета тежина да се даде на внатрешниот, односно политичкиот, сметам на надворешниот опслужувањето. Јасно е Македонија каде се наоѓа, во какво турбулентно подрачје, јасно какво е нашето опслужение со перманентна тензија на некој си немири или ова што се случува месециве и деновиве. Е па сега се прашувам. Дали и било кој странски инвеститор не добро ќе размисли, сериозно ќе размисли дали да вложи пред се во вакво подрачје кое што се наоѓа. Тоа е едниот факт. Втората причина Македонија е многу мал пазар. И оној што ќе сака да донесе огромна количина на пари да вложи да инвестира во Македонија јасно ќе му биде дека треба да го покрие целото балканско подрачје. Една од причините е и таа и сериозна би рекол можеби најсериозна која е главна причина. До колку дојде до смирување на овие тензии би рекол во нашето опкружение, уверен сум дека и странските инвеститори ќе имаат и расположение и добра волја и јасна математика да вложуваат средства.

Втора причина е внатрешната. И таа не може да се избегне. Јасно е дека Македонија има ниска акумулација наследена, јасно е дека Македонија и што значеше во бившиот југословенски пазар какво подрачје беше. Сите тоа го знаевме. Општа констатација дека беше тоа суровинска база на другите бивши југословенски републики. Тоа е факт дека технологијата со која располагаме исто така е застарена едноставно сопствените акумулации и што располагаме не ни даваат можност за таков напредок.

Сега сакам на крајот едноставно да го поддржам извештајот и не би се сложил со она дека е припишување. Во Извештајот, извештај е кумулатив, па дел на работи и нормално ќе се препишат бидејќи да имаме една целина прегледна за се што се случувало во овој изминат период на работа на Агенцијата. Беа изнесени и констатациите дека Владата и Агенцијата бегаат од одговорноста. Е господа, ако Владата бегаше и Агенцијата бега таа ќе избегаше 1992 година пред да се донесе законот А сега не.

**ТИТ0 ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувана госпоѓа директорка на Агенцијата и заменик министер, јас бидејќи не сум стручен по овие економски работи ќе се задржам само на неколку политички прашања поврзани за Извештајот и тематиката што ја расправа ова извештајот.

Прво мислам дека во дел од расправата влегуваме во иста мала грешка или голема сеедно како сакате, како што беше расправата и со Законот за денационализација. Таму по некои расправи изгледаше како да македонската власт извршила насилство врз сопствените сопственици тогашни дека тоа она го правела од некаква сопствена автохтона,

боље независна од светските, југословенските и уште пошироки движења. Мора да се каже една многу банална вистина. Во процесот на таканаречено подржавување и поопштествување на тогашен општествен имот, која беше н идеологија и определба и акција на големи сили, милијардски сили во светот, Македонија ама баш ништо неможеше да одлучува. Македонија бидејќи е определена заедно со другите во овој дел на Балканот за таква една ориентацијата, едноставно беше ставена во ситуација да изврши дакле национализација на се што беше приватно како што си тој систем бараше. Е сега таа власт да ја прогласиш пљачкашка, незнам каква и таква мислам дека е тоа едно бесмислие кое што за кое сите знаеме дека беше едно светско историски процес кој неможеше една мала заедница и поголема да ја негира, ако веќе водечките сили беа определени во тоа, што е логика на секоја политика. И сега да се враќаме пак на денеска. Сега се работи исто таков светски процес на враќање поново на приватната сопственост како демирунг, као потка на системот и како основа на системот на која што лежат сите односи кои што ќе се градат. И на тоа мора да се оди со одредена регулатива која што треба да се прати и која што треба да се реализира. И сега мене ми се поставува прашање, ние расправаме за политика овде или за работа што ја врши една службена институција, Агенција за приватизација која работи на база на одредени закони што сме ги ние донеле и на база на одредена политика која што се гради во Влада и пошироко од неа. Ако ја следиме работата ако сега бараме да расправаме за политика определена во оваа област и за сите агенции кои што таму учествуваат за регулативата која што ја донесува таа област тоа е сосема друга тема. И многу поширока. Али таа ги надминува рамките на Агенцијата и на нејзинот извештај. И затоа сега ова да не се враќаме на она што расправавме пак викаме на Законот за денационализација. Приватизација е свршен чин како светско историски процес во овој момент кој што мора добро да се изврши што побрзо тоа

подобро, и за општеството и за поединецот ако таа приватизација по своја динамика даде добро за сите луѓе што е општо толкување или општа намера на поредокот. И сега нам ни е важно да оцениме што Агенцијата во овие рамки што се дадени. Нам ни нуди со овој извештај. И по моја оцена Извештајот и е сеопфатен и е аргументиран и е доста поучен. Затоа што на низа точки како што и некој колеги спомнаа укажува и на празнини правни или на грешки во правниот систем кој што би требало набрзо да се корегираат односно доизградат и донесуваат на тоа ниво. Извештајот дури упатува и на позитивни и на негативни феномени во самиот процес на приватизација. Сега, не е само наше, туку на целиот механизам на системот тие работи низ извештајот доста да ги аргументира, да ги проучи и да види што од тоа може да се доизградува, за да се унапреди. Затоа, мислам дека Извештајот е всушност, ако се земе и пошироко, одраз на слика на нашата законитост каква што е, на нашите дилеми, на нашите сознанија, свест па и психологија за овој светски феномен кој сега се случува. Мислам дека токму, затоа што ги дал овие елементи и аргументи тој претставува доста голема вредност, а јас би го нарекол дека тој е мандатен. Мандатна слика за случувањата во приватизацијата во овој период. Мислам дека тоа би било добро Собранието да го забележи затоа што овој ќе остане еден важен документ за продолжување на тој процес на мандатот, кој што еве после неколку месеци ќе следи. Затоа, мислам дека тој заслужува ова што е критика на поширок план, и јас имам некои забелешки овде околу целиот процес на приватизација, нарочно околу моделите и особено околу определбите потесни, поодредени модели поодредени програми. Меѓутоа, тоа е друга тема. Тоа не е тема врзана за извештај на Агенцијата. Агенцијата, по моја оценка, на најдобар начин во рамките на нејзините задолжувања ја има извршено таа работа, а одраз на таа добра работа е овој извештај,

кој е сеопфатен и како што реков е една мандатна слика за состојбите во процесот за приватизација кај нас. Верувам дека може да послужи поучно за натамошна доградба и на правниот систем, а и на политиката, која што во тој процес мора да придонесе до тоа приватизацијата за човекот да мора да почне да дава добробити во вработувањето, во општествените сфери и тн.

Ценејќи го така Извештајот јас го поддржувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТ0ЈАН0ВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Агенција та и на Владата и почитувани колеги, со право оваа точка, сепак, буди одреден интерес и мислам дека нема потреба барем денеска од премногу емоции кога расправаме за нешто што е основа во процесот на она што значи промена на севкупниот општествено поредок во државата. Можеби позначаен процес од овој е референдумот, Уставот и самостојноста на државата. После тоа, мислам дека веднаш е овој процес на приватизација или процесот на трансформација на општествениот капитал. Кога велам дека нема потреба од емоции мислам дека кога веќе разгледуваме едно- годишен извештај каде што се содржани резултати од севкупниот процес, се разбира, со извесни дотерувања и забелешки, за кои што подоцна ќе зборувам, тоа е еден сериозен предизвик и мислам дека нема потреба од преголема еуфорија дека ние како Парламент треба да се пофалиме со нешто што практично го донесе како закон и како една визија еден друг и ако сакате многу хетероген парламент во однос на овој. Мислам дека нема потреба денеска од удирање во гради дека некој ова го спроведува а дека некој е против тоа. Ќе ве потсетам дека не постои политичка партија во

државата во чија што програма не е зацртано пазарно стопанство, приватизација. Нема политичка партија, без оглед на нејзината провиниенција. Меѓутоа, има потреба во овој извештај критички, а критиката подразбира и добра критика и позитивна критика, не е критиката критичност, да укажеме и на некои пропусти, слабости и на она што треба да значи заокружување на процесот на приватизација. Имено, ние треба да бидеме најсреќни ако овој извештај утре обилува и со други показатели во смисла на понатамошно унапредуваше на овој процес, затоа што приватизацијата, мораме да признаеме, само формално е спроведена. Значи, спроведена е во она што е предложено како модел, она што значи прифатен модел и проценета вредност на капитал во одре- ден субјект.

По мое мислење, мислам дека тоа е економската наука и логика налага дека процесот на приватизација ќе го сметаме дека е одмакнат, дека е заживеан кога ќе имаме овде преглед на масовно издвојување што значи дивиденда по завршни сметки, кога ќе имаме зголемен интерес на пазарот на акции, хартии од вредност и слично, при што ќе бидат вклучени и странските потенцијални купувачи и кога во краен случај пирамидата на приватизацијата ќе оди кон своето финале. Затоа што, со право се коментарите и дискусиите дека одредени модели се прифатливи и ни се приемчливи, бидејќи значат стартување на сите вработени од при- ближно еднакви позиции, што е добро за да се разбијат одредени пред- расуди. Добро е и самите да се охрабриме и пред светот да покажеме дека не мислиме да застанеме на ова ниво, туку мислиме точно да одиме во она што значи капитализација во она што значи пазарна економија со сите нејзини добри и лоши страни. Меѓутоа не смееме да изразуваме тука и гнев и емотивно да реагираме ако се изнесени негативни случаи на злоупотреба во процесот на приватизација. Многу деноминиран капитал намерно создадени стечаи и

XV/9.-

други да ги речеме лоши услови на стопанисување што доведува до многу хипотеки и до тоа сеуше надвор од процесот на приватизацијата ако процентот е многу мал останаа многу субјекти. Затоа што процентот има многу свои појдовни критериуми и атрибути

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, сеуште знаеме дека многу претпријатија го немаат дефинирано процесот на приватизација. Сите си ги знаеме претпријатијата од своето опкружување, од своите места на живеење. Јас ќе споменам само некои и од тука , од Скопје, што се случи со "Центро", "Славија", "Автомакедонија" сеуште проблемот на "11 Октомври", фабриката за автобуси нели, "Фени"-Кавадарци, "Силика"-Гостивар, "Горни Полог"-Гостивар, "Интерпромет"-Тетово, "Едко"-Тетово, "Готекс"-Гостивар и многу други кои сеуште се во фаза дали ќе бидат, дали ќе опстојат или не. Жално е што сето ова се обезвреднува и понатаму, се обезвреднува капиталот, се нарушуваат производните текови, се губат пазарите кои постојат и се нарушуваат , што е нормално , и меѓучовечките односи, така што често имавме случаи на штрајкови со глад, и денес ги имаме и ќе ги имаме. Во сето ова, сепак, мислам дека ќе биде добро на крајот од овој петгодишен период на приватизација да се да- де еден збирен извештај, во кој сепак би биле вградени повеќе индикатори и тоа: вработени на почетокот на приватизацијата и сегашната состојба, вкупен приход тогаш и сега, просечни лични доходи тогаш и сега, доделени дивиденди затоа што Агенцијата не можеше да ни го при- каже тоа со оглед на тоа што овој материјал е работен во овие први месеци кога дивидендите сеуште не се поделени. Ќе биде многу привлечно да слушнеме дека има претпријатија кои веќе делат дивиденди и тоа ќе биде сигурно мотив и стимулација дека овој процес никој не може да го запре со сите негови слабости. Стасуваме сега кај прашањето што ќе треба тука да ни биде изнесено како една колона , позначајни стопан- ски субјекти кои не се приватизирани и која е нивната судбина, дали повторно ќе бидат под капа на државата или се предвидува некое друго решение.

XVI/2.-

Ќе биде интересно да го имаме тоа како податок и претпоставка е дека таа седница треба да биде во овој парламентарен состав и добро е да биде во првото полугодие да речам.

Некоја ревизија, дами и господа, ќе има и не треба воопшто да се плашиме или некого да застрашуваме со тоа. Природно ќе биде утре, во сите услови што ги спомнав, да се покажат и проневери, кражби, нереална проценка на капиталот, нарочни стечаи, ќе се покажат и други човечки судбини и слабости и во рамките на една цела промена на системот тоа е сосема нормално и разбирливо и да бидеме среќни ако тоа е малку.

Се загатна прашањето на таканаречени мали акционери. Има една филозофија , има една мудрост. Позајмена е од земјите со развиен капиталистички земји, малку е непријатно но ќе ја кажам, нема да ми забележат малите акционери затоа што јас не сум никаков акционер, значи јас сум помал од нив. Вели: Мал акционер е нешто слично како голема будала, да извините. Тоа е таа споредба, малиот акционер треба да се бори да стане голем акционер. Инаку, перспективите се тие, нема што да се залажуваме.

Сега улогата на нешто што не го спомна никој тука денес. Не е моја иновација, но мислам дека треба да се спомне: улогата на Синдикатот во овие услови на транзиција. Тоа е онаа тарифа која не доста- сува. Не можеме ние како пратеници сега да се враќаме назад да ревидираме донесен закон кој е во функција. Тоа ќе биде, дами и господо, улога на Синдикатот со неговата независност и со она што значи него- ва улога да биде партнер. Дури сега улогата на синдикатот треба да биде во преден план. Според информациите кои ги имаме , еве можеби прв пат ќе биде официјално пофалено сегашното раководство на Синдикатот дека на

овој план презема чекори многу успешно, а ќе бидеме нај среќни ако се постави како вистински партнер во заштита на она што значат синдикални права во рамките на оваа приватизација. Само со вклучувањето на овој партнер ќе го елиминираме она што беше изнесено денес, застрашување, заплашување со работни места, со бркање од претпријатија и т.н., со притисок на купување на акции и без да сака некој и мислам дека Синдикатот треба точно во оваа насока да ја одигра својата улога.

Сигурно дека овој извештај може да издржи и секакви критики и нека биде прифатено дека се ова што е изнесено е изнесено со цел, со желба процесот на приватизација да дојде до своето финале и оваа Агенција, теоретски речено тоа е неможно да ги приватизира сто посто сите стопански и други субјекти во државата.

Со сите забелешки овој извештај има поддршка и од Демократската партија на Македонија и од мое лично име.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Сега можеме ли да одиме кон заклучување да видиме колку пратеници има.

Молам, пратениците да влезат во салата.

Молам уште малку да причекаме да дојдат пратениците и оваа точка да ја завршиме.

Немаме услови да одиме кон гласање на заклучокот. Овде сме принудени да прекинеме, а ќе продолжиме во вторник на 28 април во 11,с часот. Ве молам, но во 11,00 часот, а не во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 17,50 часот).